СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четвртото продолжение на Седумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 1 февруари 1994 година

Скопје, февруари 1994 година

**4 ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 70-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 1.II.1994 год.**

Дискутанти:

1. АНДОВ СТОЈАН - 1..
2. АБДИ ФАИК - 17, 89, 90, 91
3. АРСОВ ДРАГИ - 35, 38
4. АЛИУ ХАМИД - 49, 50
5. АЛИУ ЕШТРЕФ - 99, 105, 109
6. БОШКОВ ЈОРДАН - 80
7. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 15, 78, 105
8. ГОШЕВ ПЕТАР - 91, 107
9. ДИМОВСКА ДОСТА - 52, 55, 57, 58, 61, 62, 64
10. ЕМИНИ ЗУДИ - 33
11. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ - 41, 46
12. ПОПОВСКИ КИРО - 9 (води седница )
13. ПОЛОЖАНИ МЕРСИМ - 25, 26, 32, 58, 59, 60, 61, 63, 110
14. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 64, 72
15. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 4, 8, 9, 16
16. СУЛЕЈМАНИ ОЛОМАН - 10
17. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 2
18. ТРПЧЕВСКИ ДУШАН - 17, 22, 23, 24, 32
19. ХАЛИХИ МУХАМЕД - 62, 63 .
20. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН - 73.
21. ЏЕМАИЛИ БЕБИ - 79

Дневен ред:

Предлог за донесување на закон за попис на населението ...

- продолжува -

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Четвртото продолжение на Седумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржано на 1.02.1994 година

(Од 11,15 часот до 11,35 часот претседателот на Собранието чекаше пратениците, кои се влезени во собраниските простории да влезат во салата за седница).

Седницата продолжи со работа во 11,35 часот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Пратениците Гулистана Марковска, Благоја Чкатроски, Димитар Димитровски, Стоиле Стојков и Наум Симјановски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Пред да продолжиме со работа, да му дадам збор на дискутант кој треба да се вклучи во расправата сакам да ве известам дека поради преобемните задачи што ги има Собранието во останатиот период до крајот на мандатот, а поради преспориот од во работата на Собранието ќе се користат со сите деловнички можности кои ни се на располагање како претседател да се придонесе за забрзување на работите и зголемување на ефикасноста на Собранието. Тоа непосредно значи дека понатаму од оваа точка за секоја точка ќе предлагам ограничување по еднаш да може да се јави пратеник за збор и ограничено време да може да трае неговото излагање.

Тој напор е потребен на сите, однапред сите вие да знаете, да може да се подготви секој тоа што сака да го каже, навистина да се концентрира да го каже. Инаку,се разбира, вистинската одлука за тоа ќе

зависи од Собранието, но јас по секоја точка тоа ќе го предлагам. Инаку, имам впечаток дека ние работиме со динамика како да сега да почнуваме со работа, а ние сме длабоко завлезени во последната година. Ова е само напомена и информација за вас. (и навреме да се почнува)

Молам, почнуваме кога се стекнати уставните услови да се почнува овде.

Има збор г-дин Михаил Пановски.

(не сум се јавил за збор.)

Се откажувате?

Овде ве запишале.

Има збор г-динот Трпеновски

(г-динот Трпеновски излегува кон говорницата) Ве молам, само момент. Сепак да обезбедивме да дојде барем еден од претставниците на Владата.

(чекаат да дојде некој од претставниците од Владата).

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Кога зборуваме за Законот за пописот на населението јас го поддржувам и тоа од аспект на тоа што на пописот гледам како на една чисто статистичка процедура, се разбира цивилизациска што ја чинат сите држави, затоа што со пописот можат да се извлечат бројни параметри потребни за државата, а што е најважно може да знае државата каков е националниот доход на нејзиниот граѓанин пер-капита и низ тоа вкупната состојба на државата. Кога велам чисто статистичка процедура, тоа значи дека пописот треба да биде дезидеологилизиран, деполитизиран и со тоа немаат ништо политичките партии. Тоа прашање е на државата. Ова е заради тоа што со самиот попис граѓаните на РМ се идентификуваат со државата. Значи, пописот претставува, навистина, чисто статистичка процедура, меѓутоа ја покажува политичката волја на

граѓанинот да се идентифицира на државата Република Македонија. Оваа идентификација во суштина нас сите не прави да сме сограѓани на Република Македонија. На овој начин припадниците на различните колективитети како сограѓани покрај тоа што се идентификуваат со демократскиот проект на државата РМ секако дека ги покажуваат и своите посебни идентификации, верската идентификација, етничката идентификација меѓутоа тоа во суштина претставува идентификација на диферентни идентитети кои што можат да се сместат во областа на културните богатства на припадниците на еден или друг колективитет и утакмицата на нивното постоење треба да се води во културниот простор. Меѓутоа, однапред појавените неверства во бројките, или најавени манипулации со бројките за националната структура во државата мислам дека паѓаат во секторот идеологизација, отстапуваат од уставниот концепт на македонската држава. И кога е тоа така се поставува прашање зошто ова прашање го идеологизираме.

На крај краишта се поставува прашањето зошто се важни бројките, па толку се расправаме околу тоа прашање кога знаеме дека во меѓународните норми бројката апсолутно не е важна. Се знае дека народите го поседуваат атрибутот на самоопределување и државотворно. Националностите треба да ги уживаат сите човекови права, од венецот на демократските права во најголем опсег, дека малцинствата поседуваат друга за нив матична држава и тука бројките апсолутно не се битни. Дури една националност или малцинство да биде по бројност поголемо тоа воопшто не значи дека има елемент на државотворност односно националностите немаат права на самоопределување, а човековите права се во суштина замена на немањето на правото на самоопределување. Е, сега. Нашиот уставен концепт е граѓанска држава. Граѓанскиот принцип бара лојалност и љубов на сите граѓани кон државата Република Македонија. Имено секој

граѓанин е должен да го чува Уставот, интегритетот и мирот во државата Република Македонија која ги гарантира човековите и граѓанските права на нејзините државјани и дури во случај на војна ниту еден поединец не смее да си го постави прашањето на националната припадност, туку припадноста кон државата, во конкретниот случај дури и ако е загрозен. Според тоа државната припадност е заедничка и за нацинот и за националностите како граѓанска припадност и оттука сметам дека сите треба да го прифатиме Законот за попис како граѓанска должност и како лојалност на граѓаните на Република Македонија према државата

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Љупчо Георгиевски.

(не е тука)

Има збор пратеникот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Дами и господа пратеници,

Прво, да ве потсетам за причините поради кои треба да се донесе Законот и тоа само на еден пасус. "Женевската конференција за поранешна Југославија при Обединетите нации искажа интерес за спроведување на нов попис на населението на РМ, а идејата беше поддржана и од Комитетот на министри во Советот на Европа, кој назначи и експертска група од стручњаци од обласа на демографија и заштита на лични податоци и го обезбеди финансирањето на нивната работа за стручна помош и подготовка на законот и методолошките објаснувања и обрасци." Значи, не може никако да се оспори тоа дали ќе има попис или не. Меѓутоа, ние донесуваме закон за попис односно за попишување, а не попис за непопишување на населението, домаќинствата, становите и земјоделските стопанства во 1994 година.

I/5.-

Што треба тука? Ние без никаков каприц, без страв и без тесна националност, односно тесна партиска окрутеност треба тоа да го прифатиме. Нека биде тоа едно пребројување, па нека биде и престројување. Не треба да се плашиме од бројките и не се согласувам со тие дискутанти кои сепак бројките ги објавуваат како неважни.

Бидејќи ни претстои уште една расправа во врска со овој закон, кога ќе биде како предлог закон јас не би ги спомнал членовите кои се веќе дадени во фаза на донесување, меѓутоа само неколку ќе потенцирам уште еднаш, а кои се воедно и сугестии на експертската група која е формирана, како што реков, уште кога ги потенцирав причините поради кои се донесува ваков закон.

Мора да се постават прашања за национална припадност и вероисповед, меѓутоа тука и не мора да се одговори, но јас мислам дека е прифатено од Републичкиот завод за статистика. За да се создаде клима^на доверба податоците на национална припадност да се агрегираат веднаш на општинско ниво, на ниво на општинските комисии, од страна на општинските комисии, а Комисијата ги доставува резултатите класифицирани според националната припадност и државјанство. Би било добро, иако се предвидува такво нешто меѓутоа сеуште не толку прецизно попишувачите да бидат од иста националност со граѓанинот што се попишува. Не е прифатливо, мислам во член 35 се предлага алтернатива со која се ограничува употребата на неколку јазици само во некои единици на локалната самоуправа. Формулари и упатства на неколку јазици треба да има, да бидат на располагање во сите пописни единици.

Од член 38 треба да се прифати сугестијата од експертската група која е формирана дека пописот е статистичка операција и не треба да биде неопходно да се контролираат сите изјави кои ги дава

попишуваното лице, барајќи соодветна документација, а податоци кои ќе бидат архивирани односно прибраните податоци мора да се обработуваат без да постои можност за идентификација.

Исто така, треба да се земе и еден момент во предвид, јас тоа го кажав и на Комисијата за внатрешна политика и меѓународна одбрана за граѓани односно фамилии кои во едно време, еден период а тој економски егзодис се уште постои, кои барале економски азил во некои западни земји, да се овозможи, затоа што тие се уште немаат државјанство на тие земји каде што се, туку се третираат како граѓа- ни кои се под заштита на Женевскиот комитет, а се уште се и граѓани на Република Македонија. Да се најде начин за попишување на таа категорија на граѓани.

Меѓутоа, услов за да пописот биде успешен исто така мора да се внимава прво да се отсликува националната структура во Републичкиот завод за статистика. Тоа го кажаа и многу мои колеги пратеници, меѓутоа прво да се отсликува не е тешко затоа што или никој, или многу малку има вработени т.е. во Републичкиот завод за статистика, затоа што сепак таа доверба конституциите и кон оваа институција треба, макар во почетокот и да се дозира, така што првите европски демократски трендови треба да влијаат и во нашите лошо можеби истренирани сфаќања. Меѓутоа, од многу дискусии некако има и се претерува со некаков страв од реален попис, страв од бројки кои кажуваат во процент граѓани со нивен идентитет, национален вероисповед итн. Дури, и на оваа говорница јас си земам право да коментирам некои дискусии од пратениците. Мислам дека да велиш дека во Македонија односно Македонија не е многу национална држава, мислам дека ништо друго не е, туку еден примитивен инает кој имплицира можеби и некое нервно растројување. Тука имаше и такви дискусии кои нивното патриотско чувство го искажуваат дури и со мамурно исмејување, нарекувајќи ја

својата Република и Бајрам итн. Јас тоа дури и не можам веќе да го коментирам. Дури претскажувања дека голем страв ни носи овој попис, дури и пророци се дека пописот претставува и некоја дестабилизација на Република Македонија. Тоа се сувишни зборови кои не би требало да се кажуваат на оваа говорница. Дури се бара ПДП да ги плаќа и трошоците за овој попис односно пратениците на ПДП итн. Дури некои уште жалат зошто не се казнети тие што не учествувале во претходниот попис, а јас мислам дека луѓе кои уживаат на казнување на другиот, во овој случај ако казнетиот е албанец јас мислам дека во него нема многу човечно

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:** (Продолжение)

Се прави еден обид, една ретроспектива за активностите на една пратеничка група односно на ПДП во овој случај, но таа ретроспектива е многу цинична. Дури имплицитно во дел од некои дискусии тоа значеше и етничко чистење, за жал, затоа што веќе се предложија и трампи на колективитети,луѓе итн. Дури, се бараше зајакнување на полицијата, зајакнување на државата со полиција, а истовремено се претставуваме како големи демократи.

Морам да ве потсетам дека иако доста цинично се користи таа ретроспектива во активностите на Пратеничката група на ПДП, јас би ве потсетил дека албанците тогаш не одговорија на пописот, меѓутоа ПДП тоа го искажа тогаш кога требаше да се искаже, се искажа и нормално дека по сите тие искажувања веќе се оправдува еден нов попис.

Исто така, се оди на тоа дека албанците не излегоа на референдум. Јас мислам во исто време, во тоа време, пратеничката група на ПДП одговори на едно вакво прашање, така што не мора некој да не потсетува на некоја ретроспектива. Исто така, упорно некој сака да не потсетува дека пратеничката група не гласаше за Уставот на Република Македонија, јас исто така имам одговор дека пратеничката група одговори тогаш кога требаше да одговори. А, пратеничката група има одговор и сега и тогаш дека статусот на Албанците во Македонија е далеку од тоа што треба да биде. Или прашајте не нас или можете да ги прашате дипломатите или разните акредитирани луѓе во Македонија. Меѓутоа, ние имаме партиска програма што се остварува. Дури таму се нагласени методите како треба да се остварува таа програма, така што претреризам или премногу грижа врз тоа како се остваруваат програмските цели на ПДП односно пратеничката група, јас мислам дека

другите  не треба многу за тоа да се секираат. Се уште се повторува еден рефрен, јас мислам дека господинот што излезе, а обично кога јас сум на говорница тој излегува, господинот Голубовски, тоа како рефрен го повторува: албанскиот сепаратизам, национализам, иредентизам, што значи дека сепак научил за 10 години еден рефрен и не го заборава никако. Не би се согласил исто така со тие пратеници кои навистина упорно од оваа говорница секогаш се отровни, а јас знам дека дури таа змија ѕвечарка само еднаш отровот го исфрла, затоа што тоа не придонесува да се постигнат сите цели што ги имаме т.е. и како пратеници.

Ние сме сведоци, исто така...

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ве молам, концентрирајте се на законот. (Реакции од страна на пратениците)

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Се е тоа околу и за пописот. (Повторно реакции од пратениците)

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ве молам за тишина.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Да, и таквите реагирања од место, ве молам, јас знам имаше тука пратеници, сите тие ќе се најдат тука со нивните дискусии и затоа дури не сакам да им ги спомнувам имињата, затоа што знам дека од човекот, ние сме сведоци тоа што го гледаме во секојдневието, . еден пример што гледаме во Босна знаеме дека веќе сме сведоци дека од човекот може да биде многу лошо суштество. Меѓутоа, за жал човекот може да биде и пратеник, а од пратеници тука имавме такви отровни дискусии.

Ќе им одговорам на сите со една мисла на голем наш писател, албанец Фаик Коница кој рекол дека за да бидеш добар политичар треба да бидеше еманципиран, а за да бидеш добар патриот треба да се познаваш себе си, тогаш да настапиш на говорница како што треба.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Пред да дадам повторно збор на пратеник би молел останатите пратеници сепак да се концентрираат на законот и да ја прифатат сугестијата што претседателот на Собранието ја даде на почетокот на седницата. Било какви други предоаеја нека останат за други прилики и во други средини и со други средства.

Има збор пратеникот Сулејмани.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитувани колеги пратеници, почитувано претседателство во текот на овие денови расправаме за едно чувствително прашање, расправаме за предлогот на законот за донесување на пописот на населени ето.

Само да се потсетиме на овие простори и порано сме има- ле попис на населението. Поранешните пописи се организирале во разни општествени системи со различни цели. Пописот извршен 1921 година, 1931 година, тогашните жители биле попишувани врз база на нивната вероисповед и врз база на јазикот што тие го зборувале.

Првиот попис на населението во бившите ЈУ републики е извршен 1948 година. На овој попис муслиманите кои живееле во Република Србија биле попишани како српски муслимани, кои живееле во Хрватска како хрватски муслимани и кои живееле во Македонија, како македонски муслимани.

После овие следат пописите на населението во 1953 година, 1961 година, 1971, 1981 и последниот во 1991 година.

Почитувани пратеници ако во 1921 година и 1931 година и во 1948 година кај одредени колективитети не било развиено националното чувство, во пописите што следат во 1953 па до 1991 година почнува да се развива националното чувство и истите колективитети во последните пописи во прв план го ставаат националното, додека во втор план чувството на нивната вероисповест.

Поради горенаведените факти никој не може да не убеди дека ние имаме точни податоци за бројот на колективитетите што живе во РМ, како што се македонците, албанците, турците, ромите, власите србите и други. А, некои од пратениците упорно тврдат дека РМ е сам на Македонците и не сакаат да признаат дека е мултинационална држава.

За илустрација ќе наведам само еден пример. Имено, во општина Кичево, пописот извршен во 1971 година имаме чуден пример бројот на Ромите кои живеат во оваа општина е само 17 додека во 1981 година, бројот на ромите расте на 27. Јас нема да кажувам колку роми има во општина Кичево, но морам да речам дека толку роми има само во едно домаќинство. Со овој податок потполно му верувам на господинот Фаик Абди кога вели дека Ромите во Македонија ги има над 220 илјади. За бројот на албанците не треба да се обвинуваат политичките партии што тврдат дека албанците ги има од 35 до 40% од вкупното население ан Републиката.

Како поткрепа на ова зборува и фактот што во пописот од 1991 година не дозволивме едно копие да остане кај попишаниот. Грешките што беа во минатото да ги оставиме на страна. РМ како ново демократско и плуралистичко општество треба да обезбеди правилен попис на своето население и тоа: за да имаме правилен попис за да

имаме правилен попис на населението прво мора, не знам дали со Предлогот на законот, не гледам дека има децидност кои документи се потребни за попишаниот пред човекот кој ќе го врши пописот. Мислам дека треба МВР во тесна соработка со Заводот за статистика да најдат решение односно да се договорат како граѓаните на Македонија ќе дојдат до таа документација што е многу важна пред органот што го врши пописот.

Што се однесува до уверенијата за државјанство кај албанцрте и ред други граѓани ика проблеми. Кога знаеме дека од 1977 година па наваму мислам дека секоја република од бившите ЈУ републики на своите граѓани презема и ги впишува во книга на државјаните. Меѓутоа од 1977 година, 1976 па надолу, јас мислам дека тоа е некој проблем така што одреден број на граѓани ако се запишани во книгите на родените ги нема во книгата на државјаните. Така што тие имаат големи проблеми во врска со добивање уверение за државјанство. Да не зборувам за личните карти.

Во средствата за јавно информираше слушаме дека се валидни личните карти издадени од април 1993 година. Меѓутоа, грото на населението поседува стари лични карти, дури од Бивша Југославија. Фактички, јас мислам дека овде заводот мора тесно да соработува со МВР. Претпоставувам, многу е краток рокот од 1 до 15 кога треба да се изведе пописот, а ни остануваат уште два месеци. Јас верувам дека МВР не може да постигне таква голема огромна работа, бидејќи ние што сме од мешовити општини тоа го гледаме пред шалтерите на МВР каде што чекаат, а грото на тие луѓе се албанци, роми и да не зборувам. Се поставува прашање зошто македонците ги нема таму. Морам да бидам самокритичен и да признам пред вас дека Македонците имаат повеќе вработени во тие институции, така што преку познанство доаѓаат побрзо до тие документи.

(Реакции од страна на пратениците) .

II/6

Одиме понатаму.

Што се однесува до Предлогот на законот мислам дека претседателот Андов рече дека ова е само предлог за донесување на закон и јасно ми е дека ќе претстои друга фаза каде со амандмани ќе придонесеме за некои одредени членови што не одговараат. Но, должност ми е некои работи да наведам.

Почнувајќи од членот 4 мислам дека точката 6, ако не се лажам каде што пишува: "Посебно ќе се попишуваат државјаните на РМ кои во времето на пописот се отсутни од РМ повеќе од една година". Мислам дека оваа алинеја, оваа точка 6 не треба да постои бидејќи е спротивна со точката 4 каде што, да не цитирам, но редно е да цитирам лицата кои имаат официјално, легално место на живеење во РМ, а во времето на пописот се на работа во ДКП на РМ во странство, значи ним им се овозможува попис. Значи, овде не сме реални спрема нашите граѓани што се привремено вработени во странство, значи автоматски некои кои се занимаваат со дипломатија ги попишуваме а останатите кои без нивна желба се на гурбет ги оставаме неопишани. Затоа мислам дека овие две точки се спротивни една со друга, бидејќи РМ со својот устав гарантира исти права на граѓаните и за време на пописот треба да бидат исто третирани.

Имам забелешка во членот 6, мислам дека тоа е последниот од членот 6 каде се вели дека прашањето за националната припадност и вероисповед лицето што се попишува не е должно да се изјаснува. Мислам дека оваа одредба е земена од стариот систем на ЈУ-републикит1 а тогаш имавме некоја рубрика или група, колку се сеќавам, атеисти. Фактички тука даваме можност да се манипулира, не од попишаниот,туку оној што го води пописот.

На крајот, пред да завршам сакам ,уште неколку реченици во врска со текот на расправата што се водеше овие денови.

Во текот на овие денови од оваа говорница се говореше без факти и аргументи, па дури се отиде и во бескрајност со единствена намера да се уплашат албанците. Една таква закана беше искажана пред оваа говорница дека, цитирам "За орлите кои летаат високо имаме оружја со висок дострел". Јас мислам дека на таа пратеничка прво не и доликува тоа што го рече, а не треба да заборави дека албанците не се плашат бидејќи тие орудијата прво треба да видиме дали ни се празни, и бараат срце кога тие да се испалат.

На крајот уште една забелешка за коалиционите партнери. И денеска се покажа дека колегите партнери од коалицијата СДС денеска се во малцинство во салата, а иститe гледаат како се караат или уживаат во карањата меѓу ПДП и ВМРО. На крајот сакам да ги потсетам колегите од СДС дека ние сме во коалиција а таа коалиција господа од СДС не заборавајте дека е на стаклени нозе. Не уживајте во караниците или да ја очекувате онаа народна поговорка - кога двајца се караат третиот победува. И вам црно ви се пишува.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Реплика има господинот Голубовски.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Господо пратеници од ПДП и НДП. Бидејќи очигледно ви прави задоволство да го чуете и моето мислење за некои ваши дилеми, па еве еден придонес од моја страна. Ова е реплика на господинот Исмет Рамадани околу тоа што некои манифестации на вашето политичко однесување јас ги оквалификувам како иредентизам и на основа на сепаратизам и сецесионизам.

Сакам да ви одговорам од ова место дека вашата игра е провидна и дека вие очигледно не сте на ниво на задачата што ви е поставена од центрите надвор, од Приштина и од Тирана. Вашите заложби со еден организиран отпор овде во Парламентот преку вашиот настап да добиете во време, затоа што не ви одговараат констатацијата на односите во регионот за вашите замисли, мислам дека нема да дочекате да доживее еден расплет, кој што ќе дојде на линија на вашата стратегија. Бидејќи вашите агресивни настапи се разобличени и меѓународната јавност знае веќе за што станува збор.

Фактот што овде средствата за информирање не пренесуваат дека никој повеќе не ве прима во разни институции и комисии и надвор, покажува за крахот на вашата стратегија.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Господине Голубовски вие' имавте забелешка од пратеничката група.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Вие практично со остварување на законот за попис настојувате да извршите потенцирање на слабоста на македонската правна држава, односно тоа е класичен иредентистички настап да се потцени и омаловажи постојната власт, за да во наредната фаза ја негирате, за

да потоа воспоставите паралелна власт. Јас верувам дека тоа нема да ви успее. Вие, практично, го напаѓате Уставот на Република Македонија, затоа што сфативте дека тој Устав директно е спротивен на вашите националистички, сепаратистички и сецесионистички намери. За тоа што граѓанскиот концепт директно ве спречува во она што инаку вие под квази грижа за сопствената популација во Република Македонија, се залагате за некои колективни права. Само сте ги помешале, господо, работите. Очигледно, ќе треба да преиспитате некоја нова стратегија, а јас ви предлагам вашата стратегија да биде лојалноста кон оваа држава, за да може да се оствари еден амбиент кој што ќе дозволи секој граѓанин на Република Македонија да ги остварува свои те човечки потреби, а и правата меѓу другото.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Јас би ве молел по повод оваа реплика, не знам дали имам право и по Деловник и по се, не смее пратеник да се обраќа на пратеничка група. Тој бара реплика за дискусијата на соодветниот пратеник. Според тоа, неколку пати јас тоа го укажував и ве молам дајте да ја прифатиме сугестијата на претседателот на Собранието, порационално да работиме.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине Голубовски, се додека и други господа има кои настапуваат како што настапувате вие на оваа говорница, а и во секојдневието во политичкиот живот, има да уживаш и понатаму да го спомнеш тој иредентизам, национализам и сепаратизам. Затоа што, тие ќе бидат одговор на вашето однесување во политичката сцена. Веројатно, се додека настапувате вие вака ќе има иредентисти и националисти и сепаратисти.

III/3.-

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има реплика од пратеникот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Му благодарам на господинот Оломан Сулејмани што кажа како јас овде зборувам дека има 220 илјади Роми во Република Македонија. Притоа, би сакал заради јавноста да кажам дека јас никогаш не кажувам дека има толку, таа цифра е збир на пописот што го прават наши- те ограноци низ цела Македонија и тоа е тоа. А јас никого никогаш не сум броел колку се на број. Тоа значи, не е мое искажување дека јас кажувам, туку тоа се факти што ги кажуваат организациите.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Господинот Трпчевски.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа, пописот е периодична појава која се изведува во секоја земја или во најголем дел во земјите во светот за да се добијат податоци за населението, за семејствата, за становите, за земјоделските добра итн., со цел државата да си направи план во текот на една деката, се што и треба или се што е сувишно да го исфрли итн.

Последниот попис во Република Македонија е направен во 1991 година или поточно речено пописи во Република Македонија после Втората светска војна се шест. И тоа во 1948, 1953, 1961 итн. се до 1991 година. Како што е познато во 1991 година сето население не излезе на попис и со тоа се направи еден недобар увид со што како резултат на тоа денеска го имаме Предлогот за донесување на закон за попис на населението. Како што и во самиот Предлог на закон

стои "поради бојкотирање на албанското население во 1991 година се правел попис". Меѓутоа, за да се направи еден попис, сепак, би требало да се почитува таа периодичност од 10 години. Овој пат тоа не е направено и се покушава да се направи еден вонреден попис. Мислам дека и во самиот закон, а и овдека и од дискутантите ја окривуваат албанската националност во Македонија, која што е таа разлог за овој повторен попис.

Мислам дека и во самиот Предлог на закон на едно место стои дека имало намера да се изврши делумен попис на населението, меѓутоа, кога во таа не успеале, а најверојатно поради надворешните фактори итн., овој делумен попис преточен е во целосен односно во вонреден попис. Како што и во законот стои и од дискутантите во изминатите денови беше спомнато дека овој попис ќе го финансираат европските институции, како што е Европската заедница и на тој начин некаде со еден милион и петстотини долари ќе придонесат овој попис да успее и на тој начин албанската националност во Македонија да се попише.

Прво, мене не ми е јасно, а и многу малку од претходните дискутанти не разбрав зошто за овој дополнителен попис, дополнителен целосен попис, прво, не беше Собранието прашано дали треба да се направи, па дури тогаш тој кога ќе добие виза да се донесе Предлог на закон, односно да се донесе закон за попис. Мислам дека сега Собранието е ставено во една дилема дали да го одобри овој попис или пак да го отфрли. А бидејќи позицијата или коалицијата имаа доволен број на гласови, така што мислам дека и овој Предлог на закон ќе биде усвоен и на тој начин ќе биде донесен тој закон за дополнителен попис.

Тоа е едно што сакав да ставам до знаеше дека треба Парламентот, прво, да даде одлука дали да се донесе овој вонреден попис или не, а не со ставање на Предлогот на законот на дневен ред и

на тој начин фактички Собранието да даде одобрување за овој попис. Македонците или парламентарците во овој Парламент, мислам македонските парламентарци се окривуваат за неуспехот на пописот од 1991 година. Мислам дека во членот на Уставот од СРМ, односно на амандманот 43 стои таму децидно дека службен јазик во Република Македонија е македонскиот јазик и мислам дека пратениците Албанци немаат право да приговараат дека Македонците или македонските парламентарци се виновни за неуспехот на пописот, односно за бојкотирањето на пописот во 19 91 година. Меѓутоа, во Уставот на Република Македонија се уште стои дека службен јазик во Република Македонија е македонскиот јазик. Бидејќи пописот е државна работа, тогаш треба да стои и службен јазик во пописот на пописните листови итн. и понатаму македонскиот јазик.

Една нелогичност и во минатото, а и сега, на пример, да се зборува во минатото за народностите, а сега за националностите. А и во потребите во донесувањето на овој Предлог на закон во став 4 стои следното: "Наспроти вкупното население по национална припадност".

Во член 6 од истиот Предлог на закон став 7, член 10, стои "национална припадност". Кога ќе се направи една морфолошка анализа на зборот "националност", јас никаде не можам да најдам разлика меѓу народот, да кажеме македонскиот тука и националностите. Значи и македонскиот народ се става во националности. Или пак порано народностите, на пример, имам некои извадоци од статистиката и вели вака "живородени деца по народност на мајка и татко", па стои "македонска народност, албанска, турска, ромска итн.". Според тоа, морфолошката анализа на зборот националност не дава никакво разграничување, туку дека сите луѓе, кои што живеат на оваа територија припаѓаат под националност, а дали е таа македонска националност,

албанска, турска, ромска итн., тоа е се исто. Јас имам една голема забелешка и би требал на носителите на овој Предлог на закон околу оваа работа да поразмислам. Би требало таму да стои на кој народ припаѓате и на кои националности. Така, да речеме, да се направи разлика. Или пак да стои, да речеме, една посебна графа, значи една графа да има за македонски народ, а за другите да има графи за припадниците на националностите.

Во 19 91 година, спомнав, а и доста од колегите тука спомнаа дека поради непопишување на Албанците дојде до бојкотирање на овој попис. Сега се прашува дали да речеме треба и Македонците да учествуваат. Зашто се заборава дека во поедини краишта на Македонија, поготово, во гостиварскиот, во дебарскиот,.кичевскиот крај незапамтена пресија се врши кај Македонските муслимани, така што да се пишат или да бидат Албанци, или да бидат Турци. Со тоа нема ли да дојде до пореметување на демографската политика односно до демографскиот однос на тој начин што еден дел сега од Македонските муслимани ќе се пишат да речеме Албанци, односно ќе се пишат да бидат Турци. Понатаму, дали нема под притисок сега, како што и досега имаше Ромите да се пишуваат или да бидат Албанци или да бидат Турци. Па, сега обратно, да имаме мигрирање, така што Ромите ќе речат зошто јас да се пишам Албанец, кога треба да се пишам Ром. Па, нема ли сега ова да ја намали да речеме бројката од една страна од Албанци да одат во Роми, односно да одат во Турци. Или има уште многу други комби- нации кои што ви ги оставам вие самите да си ги простудирате.

Пред една недела, на пример, претставникот на Египќаните рече дали со ова што се прави некоја дискриминација, зашто не е дадено посебна графа и за Египќаните колку ги има дали две илјади, три или пет илјади, колку ги има, не сум убеден во тоа дека и тие нема да го

бојкотираат овој попис и тогаш сега да землеме нив да ги казнуваме, а оние во 1991 година кои не учествуваа масовно колку се триста или четиристонити илјади Албанци итн. на пописот, нив им простивме односно државата им прости, иако за нив од Републичкиот завод за статистика имаше примено пријави поради неискажана активност за пописот.

Македонија е подрачје каде што имаме една голема раздвиженост во однос на населението. Тоа уште од минатиот век, а да не говориме за време на Балканските војни кои што точно беа насочени против распарчување на македонското население, кое што имаше проб- леми, па бегаше во соседните земји итн., или пак се оттргнуваше и заминување во прекуокеанските земји. Познати се многу подрачја во Македонија кои што имаат емиграторски карактер. Тоа е битолско, преспанско, понатаму во тетовскиот крај, гостиварскиот, кичевскиот крај итн. Зарем тоа не претставува една трагедија за македонскиот народ, кој што ете немајќи услови за живот бара подобри услови и бег< Меѓутоа во минатото имаше доста и имиграторски појави со доселување на население од другите соседни земји. Па, да речеме, доселување од Косово, доселување од Санџак, во последниве години доселување од Босна, поради состојбите кои што се познати таму, односно и од Ал- банија. Фактички, Македонија да речеме е оаза не за македонскиот на- род, туку оаза за некои други.

Пред малку а и порано беа изнесувани некои статистички податоци. Тогаш и јас ќе си дозволам да кажам некои статистички податоци. Тоа се турски статистички податоци кон крајот на XIX-от век и мислам дека тоа се реални податоци, кои што го кажуваат следното. На пример....

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Но јас би ве молел со овие историски прикаски немојте, ако не е во функција на законот.

**ДИМИТАР ТРПЧЕВСКИ:**

Ако има кружоци овдека би било добро. На пример, за Тетово, за градот. Македонци, значи тоа некаде околу 1898 година имало 8.500. Се извинувам што ќе ги цитирам Албанците како арнаути, затоа што во пописот така стои.

IV/1.- РД/ОМ

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:** (Продолжение)

Македонци имало 500, турци имало 9 иљјади цигани имало 1200 и други сосем малку. Во Куманово имало 7700 македонци, 600 арнаути, 5800 турци, цигани 350, власи 50 и т.н. Во Скопје 11800 македонци, 105 арнаути, меѓутоа католици, турци 1416, цигани 920. Во Струга 3000 македонци, 350 арнаути, турци 1000, цигани 200 и т.н. Ако некого го интересира да речеме колкаво било населението на цела етничка Македонија, тука вклучувајќи ги и деловите кои што влегуваат сега во состав на Грција, во состав на Бугарија, па и делов кој што влегуваат во состав на Албанија. Имало околу милион 370 иљјади македонци, 128 иљјади арнаути, 499 имало турци, цигани 54 иљјади, власи 80 иљјади, евреи 67 иљјади и т.н. Сега ако ги познаваме статистичките податоци и од пописот на 1971 година и т.н. ако го сметаме неверодостоен пописот од 1991 година, поради неучеството на албанците, тогаш ќе можеме јасна слика да си добиеме за присутноста на албанското население во Македонија. И по основ на висок наталитет и по основ на емиграторски појави, да речеме од оние подрачја кој што пред малку јас ги спомнав. Дека наталитетот е навистина извонреден и т.н. голем, јас ќе Ви кажам следново. 1962 година во Тетово родени се 612 македончиња, а во 1968 година наталитетот опаднал на 592 македончиња. Обратно кај албанците имаме следново: 2947 албанчиња се родени во 196 2 година, а во 1968 година 3214. Истата состојба да речеме е и во Гостивар од 418 кај македончињата, во наредната 1968 година 303, значи рапидно опаѓање, а кај албанците имаме од 1624 на 1826. За Кичево, кај макеоднците 448 македончиња во 1962, а 347 во 1968 година. Значи опаѓање на наталитетот. Кај албанската популација во 1962 година 607 , во 19613 година 618. Во Струга е истата состојба опаѓање на македонците, односно по наталитетот. Во 1962 година, 789, а во 1968

година 641. Односно кај албанците во 1962 година 693 албанчиња и во 1968 година 711. За Скопје во 1962 година 3510 македончиња, а во 1968 година имаме 4493, а обратно имаме исто така доста наголемвуање кај албанчињата од 196 8 година на 1242.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ќе Ве молам тишина. (Гласови од место).

Како на другите им го одземате зборот.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ова е една практика од претходната седница сите да изнесувате податоци.

(Гласови од место). Како се договоривме?

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Се договоривме, но јас три пати опоменувам. Ќе ве молам јас имам само право како претседавач да опоменувам. Ве молам да дискутирате во функција на законот. Дајте ќе Ве молам привршувајте со дискусијата, бидејќи имаме конкретни забелешки, по законот. Се договоривме порационално да работиме само од аспект на законот.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Во Куманово имаме иста таква состојба. Во 1962 година 1227 се родени македончиња, а наталитетот опаѓа во 1968 на 1200. Обратно кај албанците во 1962 година од 497 на 1210. Што укажува ова. Укажува дека се врши една енормна состојба во однос на наталитетот на сметка на едни, односно другите се зголемуваат. Сега во минатото постојано се кажуваа некои бројки дека албанската популација брои 600, 800 и т.н.

Според тоа, состојбите се јасни. Високиот наталитет и миграцијата, или механичкиот прилив на населението е главниот виновник за една ваква состојба. Ова Собрание на Република Македонија односно Социјалистичка Република Македонија во 1985 година има донесено популациона декларација, или платформа и т.н., меѓутоа во однос на популацијата ништо до ден денеска за овие 9 години не е направено. Постојано сме свидетели и слушаме новински извештаи од Светската здравствена организација дека наталитетот, односно популацијата на населението во светот енормно се зголемува. Нема простор за живеење, нема начин за исхрана, дури и водата станува проблем. Проблем водата станува еве и во Тетово. Така да Шар Планина изобилува со вода, меѓутоа, тоа население кое што толку таму е згуснато нема вода за пиење.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Јас Ве молам да ми овозможите да ја водам седницата а тоа значи секој да се придржува на некој договор. Колку што јас разбрав никој не реагираше на предлогот на претседателот што од почетокот на седницата го даде, по рационално да работиме, а тоа значи дискусијата да биде во функција за законот, а тоа значи рацио- нална дискусија во предвидено време.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Јас нема да ве замарам многу со статистика. Дами и господа, приклучувајќи се кон дискусиите кои се во прилог на што по итно усвојување на законот за попис на населението, или како се вика да не го цитирам до крај, со цел да придонесам на неговото усовршување и осовременување во согласност со меѓународно прифатените норми и принципи до идната, односно последната фаза на предметниот закон ќе

напоменам некои забелешки кои веќе се делумно направени од пратениците на партијата за Демократски просперитет, а ќе се обидам и да дадам одговор на размислување на одредени пратеници, дискутанти во наводници на националната партија кои правеа фрустрации кои станаа веќе редовна појава и во овој парламент.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ќе ве молам партии да не се спомнуваат.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Кои се феномен за социолошки, па дури и медицински истражувања. Конкретно мислам за односот на парламентарната стратегија на одредена парламентарна група, поточно еден нејзин дел. Но да се вратам на Предлог законот. Како и по чија иницијатива се носи тој. Едно е вистина тој суштински да не дојде по иницијатива на Републичкиот завод за статистика. Го иззема формалното барање. Заводот за тоа немаше, а и сега нема интерес:-за~нов попис, бидејќи токму тој е главниот виновник за збрката направена со бројките и составот на населението во Републиката. Кои и какви беа тие бројки во 1991,198! па и порано, овде добро изнесе пратеникот Џафери и некои други пратеници на ПДП. Не би сакал да се повторувам, освен уште еднаш да потенцирам дека апсолутен директен виновник беше Заводот за статистика со нејзиниот тогашен , а и сегашен директор Светлана Антоновска Висок функционер на последниот Централен комитет на СКМ. Водењето и организирањето на вонредниот попис од институција со иста раководна гарнитура кој така флагрантно фалсификуваа бројки и структури ќе биде груп предизвик , а не желба да се прикаже реалниот број податоци и структури на населението. Впрочем, такви се индициите кој јасно ги нуди текстот на Нацрт законот пред се во неговите членови

IV/5.-

4,6,10 и т.н. Со цел да се избегнат токму популациите што ги спомна претседателот на големата националистичка ВМРО - партија кој како што е познато е координатор на пратеничката група на оваа партија и за жал кутриот е и единствен пратеник на својата партија, укажувам на следното: по барање на Меѓународната конференција за поранешна Југославија Комитетот за министри на Советот на Европа, на својата 490-та седница го одобри формирањето на група експерти по демографија со цел да го подготват во вид на експертиза планираниот попис на населението во поранешната Југословенска Република Македонија, така пишува во текстот. Во таа фаза на групата и беа дадени следните референтни термини. Прво да помага при изготвување на Нацрт законот што ќе биде усвоен во македонскиот парламент, второ да помага при изготвување на прашалници за попис и други модалитети за пописот. По коресподенцијата со меѓународната конференција и по дискусиите во Комитетот на министрите на Советот на Европа конечно гупата беше конституирана во следниот состав 6 експерти избрани според искуството кои настапуваат во лично својство од кои 4 по демографија и тоа господин Хау шеф на одделот за население и вработување ,федерален завод за статистика Швајцарија, претседател на групата. Господин Гало генерален инспектор на ИСЕ Франција , господин Панч постар статистичар Централен завод за статистика , Ирска. Госпоѓа Цирцел демограф, Завод за статистика Словенија. 2 по лична заштита на податоците и тоа господин Вагнер раководен советник прва класа, секретар на консултативната комисија во областа на заштита на именските податоци и Министерство за правосудство - Луксембург. Господин Балтер, помошник федерален функционер за заштита на податоците - Швајцарија. Натаму, 3 претставници поканети од организации и тела,и тоа: Европската заедница која го назначи господин Бежо демограф, економската комисија на Обединетите нации за Европа

која го назначи господин Ќели, шеф за социјална и демографска статистика, статистички одел. Понатаму, Меѓународната конференција за поранешна Југославија, која го назначи господин Реј амбасадор. 3 поканети учесници од поранешна југословенска република Македонија, вклучувајќи и 1 албанец по националност. Во прашање е заменикот министер за образование. Понатаму, госпоѓа Клодин Ходенс шеф на одделот за население и емиграција, Советот на Европа, беше одговорна за секретаријатот. Овој извештај што беше едногласно усвоен ги изразува своите ставови на експертите и претставниците на организациите и телата во врска со текстот подготвен од државната организација надлежен за работите од обласва на статистиката, во случајот Заводот за статистиката, под раководство на госпоѓа Антоновска, поднесен на 26 октомври 1993 година. Тој одговара на првиот дел од референтните термини. Извештајот е составен со цел да и биде пренесено на Владата на Македонија и на Комитетот на министрите на Советот на Европа. По 2 мисии на својот претседател во Скопје групата одржа 2 состанока. Во Стразбург 5 до 7 мај 1993 година, во Охрид 30 јуни до 2јули 1993 година. Состанокот во мај во суштина беше посветен на разгледување на Нацрт законот насловен како работна верзија на предлог за донесување закон за вонреден попис на населението, домаќинствата, становите и земјоделските стопанства во 1994 година со датум 28 април. Овој текст главно беше заснован врз Законот користен при пописите од 1981 година и 1991 година во поранешната Социјалистичка Федеративна Република Југославија. Тоа се забелешките на експертската група.

И уште нешто, на 22 јуни беше поднесен ревидиран текст на овој работен документ заради разгледување на вториот состанок. Во таа

пригода експертите имаа можност да ги слушнат ставовите на претставниците на националностите, бидејќи Заводот аз статистика ги покани на расправа сите политички партии и здруженија што ги бранат интересите на националностите.

Што се однесува до структурата на текстот, експертите сметаат дека законот може да биде по концизен, да има разбирање дек изминатата практика во врска со организацијата на пописот и начинот на формирање на тековните законски акти, резултира во доста подробен текст. Големи и многубројни се едногласно прифатените забелешки на светските еминентни експерти, кои не беа прифатени од предлагачот, иако се свесни дека тие можат да доведат до тешко усвојување на овој закон, пред се во завршната фаза која може да доведе до негово одлагање, кој во секој случај не оди во прилог дури и на оние струк тури на парламентот кој се изјаснуваат против законот, односно против целиот попис. Овде пак нагласувам дека иритирачки и тенденциозно ги сфаќам текстовите на одредбите на член 4 став 1, точка 3 која гласи: дека со пописот се опфаќаат лица кои имаат официјално, однос легално место на живеење на Македонија, а во време на пописот најдоле го до една година пред неговото спроведување, се наоѓаат на привремена работа во странство, како и членовите на нивните семејства. Колку нелогично изгледа една петина, можеби и поголем дел од населението кој повеќе од една година приморано живее далеку од своите огништа. Колку пак дискриминаторски и непријателски би рекол е односот према нив. Тие според мене геноцидната точка на истиот член се изедначува со останатите лица кои во време на пописот ќе се најдат на територијата на Македонија, без оглед на причината на нивното присуство, како што се дури и најобичните туристи, односно стечајни минувачи со краток престој во Републиката. Значи граѓаните се изедначуваат со случајните туристи.

IV/8.-

Одредбата на став 3 точка 4 е императивна, без компромисна. Таа гласи: Граѓани на Републиката ќе се сметаат само оние кои тука живеат во моментот на пописот, односно живееле во Републиката најмалку до пред една година. По однос на ова прашање не се прифатени забелешките на споменатата експертска група, ка«о што не се прифатени ни нивните забелешки на член 6, став 5 дека под наводници мора да се постават прашања во врска со националната припадност и вероисповед, но дека не смеат на тоа да бидат присилени и да одговорат. За многу важна ја сметам и забелешката на експертската група во член 10 општинските изборни комисии податоците за националната припадност ги агрегираат веднаш, односно во рок од 10 дена по завршувањето на пописот и тоа на општинско ниво, како би се смириле страстите на навидум корпулентните јунаци од типот на Стефковски кои во една статистичка , па макар и политичка работа како што е пописот фобично гледаат подготовка за војна. До тоа Стефко нема да дојде, но ако недај боже дојде, таа нема да биде поради пописот. Но сигурен сум тогаш нема да се дуеш како мисирот на говорница, туку ќе се скриеш во некоја дупка од која ќе излезеш само некој кога ќе ти каже Томе излези нема повеќе шиптари. Вие, дреарот Стоиле, голубот, ковачот, Трпче дури тогаш ќе излезат од дупките и кога пак ќе видат наоколу многу домородни албанци пак ќе се починат со патетика и пак ќе продолжат со нимната бизарна теорија за загорзеноста на Македонците со словенско потекло од страна на албано-македонците од Илирско потекло. Но тогаш веќе ќе ви се потсмеваат како на сенилни старци кој уште живеат во своите неостварени соништа, а народите од сите врсти ќе продолжат да живеат на овој простор, а државата ќе биде на оние кои и колку ќе живеат на неа место има за сите.

IV/9.-

Помирете се господо со тоа, подолго ќе  живеете, зашто омразата е болест и затоа јас тие што мразат ги мразам. Воено користам прилика во име на парламентарната група на партијата за демократски просперитет да изразам протест против промоцијата на апартхејдот што ја направи овде координаторот на пратеничката група на ВМРО , кога предложи во стилот на Босна , односно Караџич и Туџман размена на население меѓу Албанија и Македонија. Тоа господине Стефковски нема никогаш да го доживеете, зашто таа пропорција е разочарувачки многу голема и различна во смисол на албанците и затоа овој парламент еднаш за секогаш треба да се дистанцира од таквите изјави. Исто така сакам овде да направам приговор и на дискусијата на господин Трпаевски кои понатаму манипулира со термини макеоднски муслимани , притисок. Се знае кој е тој што може да врши притисок.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Притисок вршат оние што ги имаат инструментите на власт. Албанците како и дел од ВМРО за жал сега немаат никаква власт во своите раце. И уште нешто, кога зборувате за некои си прописи таму 1898 година, ако не се лажам, спомнавте таму арнаути, цигани, но не спомнавте како оригинално се нарекуваат другите кои што вие ги нарековте македонци.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Трпчевски, за реплика.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Мислам дека овде од претходниот дискутант изнесени се многу невистина, поготово што ме апострофираше на два пати мене и некои други ќе земат учество во репликата. На пример Трпче што е деминутив од Трпчевски. Јас не знам на што тој алудираше итн., тоа да ми го каже мене. Или да речеме нешто сака да каже, да заплаши и други работи.

Што се однесува до податоците што сум ги изнел, точно г кажав онака како што се наведени во книгата во однос на тој попис. Немаше никакви други и затоа претходно реков јас, не сакајќи никого да навредам овдека реков албанците се наречуваат арнаути, циганите не се наречуваат роми, туку се наречуваат цигани, исто онака како што Евреите си се евреи, а власите се наречуваат власи.

Меѓутоа, ако претходниот дискутант ако нешто друго да речеме го мачи, го нервира поради приливот кој што доаѓа од надвор во Македонија, наоѓајќи терен на поедини места каде што македонското население од минатиот век почнува нагло да се иселува па на тоа место за што веројатно се нема правило да се створи вакум, значи да остане

V/2.-

тоа празно некој друг ќе го насели. Јас во мојата дискусија реков можда во минатото на тоа место каде што македонците се иселиле имало и многу убава почва за населување, доселување, и за развој на тоа доселено население. Значи, за 100 години вие имавте прилика јас ги изнесов тие податоци, а излезете вие на оваа говорница или на некое друго место со некои свои податоци, тогаш ќе имаме една полемика, дали е точно тоа што вие сте го кажале или што јас сум го изнел овде. Затоа ќе речам ако некого вистината го боли, тоа е друга работа. Меѓутоа, вистината си е вистина. Вистината не може никого да заобиколи односно ако не сака да ја прифати дека е тоа така.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Емини.

**ЗУДИ ЕМИНИ:**

Почитувано пратеници, јас навистина бев скептичен во првичните информации од минатата година дека може да се организира во меѓувреме нов попис во РМ. И право да ви кажам дека сум спремен да помогнам во рамките на ферплеј, што значи со закон кој ќе биде без политичка позадина. И уште нешто ме зачудува, затоа од почеток да кажам дека сум во заблуда по оваа точка од дневниот ред на денешнава расправа. Се поставува прашањето чија е Владата? Дали е наша или на ВМРО. Дури ние ја напаѓаме, вие ја браните. Од таа заблуда, веројатно во текот на идната седница кога ќе биде законот на дневен ред ќе се расветли и тој случај.

На нас навистина ни припаѓа и не обврзува Уставот како и природното право да имаме своја држава и секој до нас кој малку има политичка склоност за човековите потреби и за политичкото организирање да биде уверен во тоа дека за нас е многу порационално и без опасности да го изградиме тоа што сакаме и можеме, додека е во

нашите раце со поголем резон. и ладнокрвна расправа за состојбите и потребите на предметот што го расправа, отколку да го одложиме ризикувајќи да настанат разни неизвесности.

Господа пратеници ова веќе станува навика овој дом уставот регресивно да се чита и толкува кога се во прашање албанците, а во име на демократијата или по мнозинскиот принцип на одлучување, исходот од напред може да се претпостави. Тоа е голема грешка и голема штета за оваа млада држава. Јас навистина имам идеја и концепт како да се излезе од тој ќорсокак. Еве и за среќа имаме точки на оваа седница на дневен ред што ќе го изложам тој свој концепт.

Сите знаеме дека една од темелните вредности на нашиот устав се природните права и слободи на човекот и граѓанинот утврдени со член 8. Во ред би било тоа кога и така би се применувал за сите. И наместо да развиваме еден творечки дух на уставните определба и неговите решенија при примената на тие определби, вие пак си одите назад. Сите прописи и норми ги оквалификувате со политичка позадина. господо, целта на вашето политичко однесување е ограничување или уништување на албанскиот колективитет, што според ваша академска оценка е еден од најпотенцијалните елементи при зграбнувањето на власта во РМ. Притоа, заборавајќи во вашите анализи н аполитичкото декларирање и уставното определување како демократска држава, се со една цел, при политичкото одлучување да се има и политички монопол. Што е тоа концептот на природното право не ги подразбира овие политики манипулации што за среќа еве јас по малку успевам да ги разберам

Целта на законот не треба да ви биде овој монопол. Тоа важи и за предлагачот на законот, туку напротив осигурување на личната или на колективната слобода на сите, без оглед националност вероисповед, итн. Да не дојде до овие појави што без аргументи се оптужуваме.

V/4.-

Залагањето ан пратениците на ПДП и нашата политика води во тој правец - прописите што ги носи ова Собрание да одговараат на фактичката состојба и во согласност со такви норми што владеат во ова поднебје.

Затоа, нашите напори требаше да се ценат уште 1991 година што се потврдија и како точни при актиот на тогашниот попис. И сугестиите што пристигнаа од надвор поготово од меѓународните институции заинтересирани во пописот на РМ.

На оваа седница и во расправата по оваа точка беа изнесени такви тврдења дека целта на бојкотот на пописот е да се дестабилизира Република Македонија од страна на ПДП. Господа пратеници, да ви кажам уште тоа дека ПДП не контактирал до сега за развивањето на Македонија ниту со Туѓман, ниту со Парошки ниту со ТМРО. Ако некој во ова Собрание или некоја друга сила што работи во тој правец, тој ќе се легитимира и самиот, конкретно со својот придонес веќе се и легитимирани.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Драги Арсов.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитувани пратеници, лично мислам дека не се уверливи причините заради кои треба да се донесе законот за попис на населението, барем оние причини што овде се наведуваат по уводниот текст на овој предлог закон за попис на населението, домаќинствата, станови земјоделски стопанства во 1994 година, како што гласи полниот наслов на законот.

Не е спорно дека пописот претставува една најмасовните статистички акции, при што не се исклучува меѓународната обврска на секоја земја која според препораката на 00Н е должна да ги обезбеди основните демографски и други податоци за сопствени цели и за целите

на меѓународната заедница. Меѓутоа, ако овој попис не е редовна статистичка акција, што се спроведува на секој 10 години, туку вон- редна како што се иницира со овој закон, тогаш во една таква земја како што е нашата, нешто не е во ред. Не во однос на пописната акција туку со политичката калкулација што се прави со коалиционите партнери од страна на Владата.

Од тие причини мислам дека со овој вонреден попис едноставно се сака неостварување на неостварените права на припадниците на националностите и етничките групи, туку напротив доведено е под знак прашање колективното право на мнозинскиот народ, на македонскиот народ и неговото право на формирање сопствена држава како државотворен народ.

Ако постојните индикации за некаков сомнеж во резултатите на пописот од 1991 година, постои, причините не треба да се бараат во неостварените права на малцинствата во РМ, како што тоа го иницираат припадниците албанската националност кои го бојкотираа тоа право и ако некоја држава и народ треба да приговараат на меѓународен план тоа треба да биде македонскиот народ и Република Македонија. Затоа што таквиот сомнеж треба да се изрази во однос на Македонците што живеат во Албанија и другите соседни земји, на кои изричито им се спречува и ускратува правото да се определат како македонци при пописот според националната припадност и според тоа како тие се чувствуваат. Нема такви графи во соседните земји за да си го остварат тие тоа свое право, или пак со други средства, репресии и со закани едноставно се спречува нивното определување според националното чувство.

Наспроти ваквата состојба кај нас од албанската националност се злоупотребува таквото право за попис со бојкот. Очигледно заради друга цел. Во таа насока не се исклучуваат и таквите намери да се легализира

статусот на народ и врз таа основа да се федерализира Македонија и да се присвои нејзина територија.

Во прилог на ваквите сепаратистички албански барања не себично им помага и актуелната политичка власт со тенденција да се одржи континуитетот на поранешната пројугословенска ориентација на штетата на македонскито народ и неговото право за конституираше на сопствена самостојна македонска држава. Наспроти постоењето на поинакви опции што се залагаат за остварување на неотуѓивото право за национална државна ориентација и за создавање и за остварување на неговото право како мнозински народ на сопствена дражва.

Во овој момент наместо вонредни избори се прави вонреден попис кога се врши невиден атак врз пригушување на македонското национално чувство, кога на македонците и со Устав не им се овозможи национално да се определат и наместо национална држава им се наметна граѓанска дражва.

Не се проблем само ваквите штетни последици во однос на Македонците. Уште поголем проблем претставува демографската окупација на западниот дел од Македонија. Актуелната власт досега ништо не презеде за спречување на механичкиот прилив на албанците од Косово, ниту досега законски ја дефинира и воспостави гранична- та линија со северниот сосед со што и од таа страна се подотвара вратата за нарушување на националната содржина во македонската држава со подгревање на некакво пројугословенство како вештачка национална одредица која насилно и крајно штетно за Македонија со децении и се наметнуваше и со децении се присилуваше да биде прифатена, се разбира со посебни графи во пописот.

**ДРАГИ АРСОВ**:(продолжение)

Невозможно е и неизменетата институционална структура на Републичкиот завод за статистика да се јави со поинаква идеа за нов попис ако и натаму остана со старата структура устоличена според политичката подобност, не може таа структура да согледа друг избор, освен прифаќање на изманипулиран попис како што претходно се прифаќаше една изманипулирана политика диктирана надвор од Македонија кога се спроведуваа вакви и слични акции. Белград ја имаше контролата и во Белград се носеа резултатите од поранешните пописи. Сето тоа се прави од Републичкиот завод за статистика наспроти статусот што барем сега треба да го има како неполитизирана институција. На тој план речиси ништо не е направено, ниту пак Владата пројави некаква иницијатива да придонесе за таквиот карактер на оваа институција. Точно е дека актуелната Влада и Владиниот апарат на ресорниот министер без портфељ на г-ѓата Гордана Сиљановска и челниците на Републичкиот завод за статистика не ја отфрлуваат спремноста за прифаќање на било какви преговори за пописот што Република Македонија ги води во Европската конференција за поранешна Југославија со Комитетот на министрите од Советот на Европа кој формира и група на експерти за професионална помош за Нацрт-законот за попис, на пописни обрасци и методолошки решенија , па дури се наведува дека од Советот на Европа веќе се обезбедуваат, или се договорени некакви финансиски средства за една ваква статистичка акција. Но, точно е и тоа дека оваа Влада пред ова Собрание досега не иницира постапка за побрза ратификација на меѓународните конвенции за бегалци, не ја забрза постапката за донесување и усвојување на Законот за бегалци и законско регулирање на овој проблем на начин како што тоа е регули- рано и во други земји. Не треба да се спомнува дека не

е можно да зборуваме за еден објективен попис без претходно законски да се регулира статусот на бегалците. Без тој статус нема ниту реален, ниту регуларен попис. Нашата Влада на Европа никогаш не и кажа дека демографската инвазија и дека демографската окупација на Западниот дел во Македонија е реалност и дека на Македонија и е потребна помош од Советот на Европа и спомнатите институции како и од високиот Комесаријат за бегалци на ООН за решавањето на овој тежок проблем. Ако некој го прифаќа незапирливиот механички прилив на Албанците од Косово и Албанија без да се решава нивниот статус како на бегалци, како бела чума што во последно време зема се поголем замав , за тоа колку време можат да останат, какви права имаат и како да се вратат како што тоа е регулирано во сите земји, тоа значи дека не се исклучува намерата , дека сето тоа се прави со политички цели и со нечесни калкулации да се задржи власта и коалиционото партнерство. За жал никако да се ослободиме од сеништата на минатото од пустошот што се прави и што го правеше еднопартискиот режим со постојаните насилни селби и преселби на Македонците, со опустошувањето на македонското село преку колективизација и експропријација, со невидените егзодуси и миграции, со прогласи "Скопје е отворен град" како што тоа контроверзниот политичар г-динот Крсте Црвенковски како највисок партиски функционер го прогласи Скопје по земјотресот и овозможи секаква инвазија на немакедонско население во Македонија и со сите такви штетни последици ние не можеме во овој момент да зборуваме дека во Македонија ќе имаме еден реален попис. Апсурдно е да зборуваме за вонреден попис, а да не зборуваме за било каква одговорност на сегашната Влада и владината коалиција. Наспроти превземените иницијативи за подготовка на пописот според препораките на 00Н за кои овде се зборува во позитивна конотација, одговорните

членови во Владата во овој Собраниски дом никогаш не проговорија дека преку 00Н може да се побара и заштита на правото на народите, на оние кои демографски се загрозени од други народи. Како што е во конкретниот случај македонскиот народ загрозен од припадниците на Албанците. Тоа не се прави, иако е регулирано со меѓународни акти на 00Н. На г-ѓата министер Гордана Силјановска сигурно и е познато дека постојат и конкретни членови за заштита на тоа право во демократска смисла дури и во основните документи , во основната декларација за човековите права на 00Н. Апсурдно е да зборуваме за некаква национална, за некакво национално планираше врз основа на очекуваните цели што треба да се постигнат со овој закон ако под тој термин се подразбираат само националностите наспроти според Уставот на Република Македонија негираниот национален карактер на македонската држава, па на Македонците им останува да зборуваат за граѓанско,а не за национално планирање. Од таму и апсурдот што го спомнав во таа смисла. Овде отворено се зборува за спремноста да се направи алтернативна отстапка во однос на службениот македонски јазик. Не верувам дека таква отстапка при пописот прави било која земја конституирана како национална држава со свој официјален службен јазик. Мислам дека не треба да се зборува за било каква алтернатива на тој план како што овде се прави со членот 35 од Предлог-законот.

Во прилог на Законот се наведува цел список акти што треба да се донесат за спроведување на Законот .Меѓутоа, никој од Републичкиот завод за статистика, ниту од Владата досега пред ова Собрание не проговори , ниту тоа го стори и ресорниот министер. Зошто досега не е предложен и усвоен Законот за статистички истражувања без кој закон не можеме да зборуваме дека во Македонија е можен попис како најголемо

статистичко истражување. Произлегува дека е можно вакво статистичко истражување , но според стариот закон, според Законот од бивша СФРЈ, бидејќи тој е на сила и не е предложен и не е донесен нов таков значаен закон според кој што треба да се изврши оваа статистичка акција. Не се нудат ниту другите закони како што е законот за единствена евиденција , законот за користење на одредени статистички податоци итн., што сето тоа доведува до едно неизменето законодавство на тој план затоа што се останува според бившо југословенските закони. Во овој момент таквите статистички истражувања како што е пописот врз основа на старите закони сметам дека не е реален, сметам дека тоа не е во интерес ниту за Република Македонија, ниту за пошироката јавност.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани дами и господо, по се изгледа правилото "репетицио ест матер студиорум" повторно стапува на сцена и повторно во Македонија ќе имаме нов попис на населението и имотот во РМ. За таа цел и јас денес нешто се припремив и во овој момент сакам да кажам некои основни работи кои оваа држава РМ пред да го изврши овој попис е неминовно да ги направи. Иако овде повеќето од албанските претставници во овој Парламент имаше различни мислења околу тоа како да се извршува пописот во РМ , јас мислам дека во основа во овој Предлог-закон поставени се начелно добри членови врз кои основи треба да се изврши тој попис. Меѓутоа, тоа што во најголем број на случаеви ќе ни се повтори една грешка која можеби ја имавме и во претходниот попис од 1991 година , повторно има опасност да се појави. Ние сме специфична Република осамостоена од рамките на поранешна Југославија. Додека бевме и функциониравме во таа држава имаше

голема флуктуација на кадрите и голема миграција на населението а за жал, или за голема несреќа на РМ и на тогашна Социјалистичка Република Македонија најголемото движеше на население се случуваше во Македонија и тоа почнувајќи некаде од 1962 година, па до ден дене Меѓутоа, со оглед на таквите состојби кои беа во таа поранешна Југославија и со оглед на таквите состојби и таквите закони кои беа на сила за попис на населението и сите други пропратни документи што беа неминовни за одржуваше на таквиот попис, сега имаме евидентно една нова ситуација , нов сплет на околности во РМ, со еден збор имаме самостојна , суверена држава РМ која мора самостојно и суверено да ги регулира овие правила и норми и во тој контекст и овој попис треба да биде извршен во најголем ред и дисциплина. Не сакам да споменувам, да речеме една голема Турција за време на пописот која имаше прогласено и полициски час за вршење на тој попис. Ако една Турција со толкав голем потенцијал и толкаво големо население и со толкава голема традиција на самостојна држава и поранешна империја која ја нишаше и цела Европа воспоставила полициски час за да направи ред и да направи вистински попис на населението, тогаш каде би можела да се најде РМ во констатација на едни односи кога во нејзините соседни држави, или блиско соседство се случуваат војни, се случуваат катастрофални поместувања и движења на населението од еден крај во друг крај. А пак повторно ќе кажам дека , дури и во таквата Југославија кога владееше совршен мир, да речам притаен мир, тогаш имаше најголема флуктуација и движење населението кон РМ, тогаш јасно треба да ни биде ставено до знаење, а и на Министерството и луѓето што се ангажирани од Републичкиот завод за статистика што ќе го спроведат пописот, нормално и со институциите на државата да направат нешто што ќе биде во таа корист. Зошто ми е овој вовед на дискусија? Тој ми е

потребен за да укажам на една друга ситуација која е многу покатастрофална и која ќе има многу поопасни последици по државата РМ и поготово по мнозинскиот дел на населението, тоа сме Македонците во РМ. Правилото кој ја има земјата, имотот, или економијата во државата , негова е државата. Верувајте ако ние продолжиме со една ваква неразумна политика, а и неразумен ваков државно административен, или статистичко - технички изведувања на пописот на населението, ние ќе се најдеме во најопасна состојба еве зошто. Бидејќи со навлегувањето на друго население во РМ , со смислена стратегија постојано после ослободувањето, после втората светска војна да се протежира една целосна окупација на РМ , а поготово на Западниот дел на Македонија и тука го приклучувам и Градот Скопје како главен град на РМ, напра- вени се катастрофални грешки во поглед на купопродажните договори. Купувана е земја, купуван е друг подвижен и недвижен имот . Сето тоа за да се спроведе овој попис на населението и имотот во РМ на земјоделските стопанства ние треба длабоко да се замислиме дали институциите на државата треба да направат ревизија на купопродажна договори после ослободувањето и до денес, а особено од 1962 година па наваму. Тоа го истакнувам со единствена причина, бидејќи главнио1] град на РМ од град кој беше со мнозинско население на Македонци, денес можеме да се сретнеме со најопасна состојба на самиот терен, на самата состојба во овој град. И ќе бидам искрен, нема да ме држите за збор, а ќе им одговорам и на оние други мои колеги пратеници овде што изнесоа некои свои мислења, а јас имам и аргументи. Ќе бидам искрен, ако не се обрне поцелосно внимание не само на купопродажните договори, туку и на сето она што е правено како трансакција на тие договори во странство, кај странски адвокати Македонија, не во оваа

Вардарска Македонија. Во целокупна Македонија 184.353 жители Албанци. Луѓето што се заангажирани за овој попис тука е и министерката која седи во овие клупи добро знае, а има добро минато од односите и од теророт што го има македонското население во Западниот дел на Македонија и таа 50-годишна и повеќегодишна стратегија за масовно истиснување на Македонецот од овие простори, а тоа масовно истиснување станува и денес , можеби и други соседни држави го имаат на извесен начин и по пат на механички протерувања, на преселување и асимилација.

VII/!1- СЈ-ВБ

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:** (продолжение)

Значи дека сите овие процеси нас како македонци треба да не загрижуваат. И треба да ни бидат водилка во сите работи, во сите структури на државата кои функционираат, треба да функционираат во овој даден миг мислам најсериозно, најодговорно без разлика на било каква политичка припадност или било каква идеологија. Тоа е животно прашање за нас како луѓе, за нашиот иден опстанок, за нашето идно креирање на оваа држава бидејќи врз овие статистички податоци ќе се темелат многу идни можеби развојни програми, водење на популациона политика, водење на даночна поригорозна и подрастична политика, исто така водење на многу постудиозна политика во областа на здравството, социјалата. Овој попис треба да покаже дали оваа самостојна, суверена Република Македонија ќе биде способна да финансира повеќе од три деца на едно семејство, за образование, за социјална заштита и за ред други активности во Република Македонија. Тоа треба да го докаже оваа Влада и онаа наредната што ќе дојде, мора да се темелат врз овие показатели и врз основа на тоа цела таа развојна економска политичка стратегија треба да се темели врз тоа. Инаку ни нема друг спас.

Ние не можеме за разлика од некој што сака да има 6 или 7 деца, да прави мегаломанско семејство, ние ако имаме по две или по три деца да ги гледаме другите, а туѓите деца. Тоа е да се преливаат средствата од одредени општини за образование на пример од Битола да се прелеваат во Тетово, Гостивар итн., или Скопје, а врз основа на тоа да се пустоши цел тој крај таму, да емигрира во Австралија, Америка итн. Ние мораме да го темелиме врз основа на овие податоци и развојот на Република Македонија, мораме да водиме најголема сметка во овој момент како треба да постапиме.

VII/2.-

Сакав д^ повторам дека пред нас е една огромна работа институциите на државата треба да си ги размрдаат кадрите кои работат во овие институции и не треба да се дозволи никаков прилив барем во овој момент, треба да се стекнат границите на Република Македонија а не далбинско обезбедување да се пуштат два-три километри секој да влегува и излегува во РМ и да прави што сака и како што сака. Мора да се направи ред, дисциплина и се да биде во најдобар ред да може населението, земјоделските стопанства и цел друг недвижен имот, подвижен имот итн., да се изврши пописот и да биде во најдобар ред и да биде релевантен показател и релевантен да речам однос на она што е како реална слика во РМ. Инаку, јас како пратеник никогаш не сум допуштал па ни овој пат нема да допуштам паралелизам во РМ и одредена политичка партија овде да сугерира, да наложува ставови ултимативно како ќе се одвива пописот, како ќе се однесуваат луѓето при пописот итн. Мислам дека оваа цивилизација на Земјината топка и ден денес со посредство на ОН имаат изградено доволно механизми, доволно меѓународни конвенции, правила за однесување и да се знае како треба да се однесуваме. И во тој контекст сакам да повлечам не само со овој попис туку и со другите законски акти ние во РМ треба да покажеме и докажеме тека сме за демократија и правата на граѓаните на оваа држава. Но правата не подразбираат само правата на мажите, ние во РМ со овој попис треба да се видат и другите показатели, дали правата на жената во РМ особено на жената албанка во РМ се во прав смисол на зборот остваруваат или тенденциозно намерно не се остваруваат за албанската жена да раѓа повеќе деца за разлика од македонската итн., што една од стратегиите што на овие простори се веќе видени и проверени. Затоа велам дека треба многу потрезвено да се однесуваме.

Во тој поглед сакам да укажам и на уште еден втор аргумент. Бидејќи ние како една од најмалите и можам да речам економски најслабите републики од поранешна Југославија се најдовме во една таква ситуација економска, политичка и геостратешка, мислам дека уште повеќе заради тоа што се чувствува притисок и во македонскава нација сме во веквоно отстапување треба еднаш институциите на Македонија да застанат во одбрана на тоа Република Македонија да биде филијала на Косово, Санџак, Босна и другите републики. Ако некој од пратениците малку повеќе се интересира за изборните единици од каде што е избран ќе увиди колку луѓе и бегалци и други категории на луѓе се навлезени во РМ и за сметка на нив голем број од нив се вработени во разни кафулиња, по разни фабрики, додека нашите луѓе кои сакаат чесно и поштено да заработуваат леб стојат дома или пак имаме такви состојби каде што четиричлено семејство, со стечаи итн. е без работа, само со еден надоместок од Заводот за вработување, а од друга страна имаме голем парадокс ваквите лица на прва врата да добијат и државјанство, да добијат и вработување и да добијат одредени бенефиции и да купат одредени станови и имања. Тоа не е само во Скопје туку и во РМ. Ако ова доволно служи како аргумент ја сум сигурен дека ресорното министерство и институциите на оваа дражва ако имаат малку грижа на совест треба да го стават прстот на уво и да се запрашаат каде може да не води ваквата состојба, ваквото неефикасно функционирање на државата.

За да не должам бидејќи доста работи беа кажани овде, на оваа говорница од моите колеги, јас должам нешто да кажам и за оние пратеници кои овде постојано се во една офанзива, но исто така и постојано се во едно самодемантирање. Ние овде од еден пратеник честопати, а еднаш мислам и толку беше невкусно и недобро истакнато истакна дека ние во Македонија ви носиме маслиново гранче, но испад дека тоа маслиново гранче е со мирис на барут а не со мирис на

маслинка. И треба да сфатат одредени пратеници овде дека ние овде не треба да се натпреваруваме за тоа кој која поголема храброст ќе покаже на говорницата. Ние треба да се натпреваруваме во тоа кој ќе покаже поголема толеранција и поголем трезвен ум заради состојбите кои се во РМ и да видиме што може со заеднички сили овде да се направи. НО, доколку таквите заеднички сили и доколку таквиот заеднички ум не преовлада нормално е различните колективи- тети во РМ да се заштитуваат и во тој контекст јас како човек и како македонец нормално својот поединечен спас или групен спас ќе го барам во мојот македонски колективитет, во мојата национална македонска држава која овде четврта година веќе ја градам и овие законски проекти што се носат овде во овој Парламент. И, нема потреба до никакво заплашување, од никаков страв. Кога ќе грми оружјето ќе грми за сите и најопасна работа е кога оружјето ќе проговори зошто по аритметичка прогресија на еден куршум одговараат илјада други, а, тоа е најопасната варијанта која може да и се случи на оваа дражва РМ. Затоа мислам дека институциите на државата треба да го сторат своето за да не се случи она што не треба да се случи.

Со оглед на тоа што некои мои колеги веќе истакнаа од оваа говорница повеќе работи ви благодарам за трпението и се извинувам ако некој се најде повреден од мојата дискусија.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Имаме закон за статистичко истражување, не за народна одбрана, на дневен ред.

Има збор пратеникот Хамид Алиу.

**ХАМИД АЛИУ:**

Дами и господа, ценето претседателство, 1991 година албанците со право го бојкотираа Пописот на населението, домаќинствата,

становите и земјоделските стопанства. Ова е факт затоа што ако се имаат во предвид одредените сомневања за националната припадност, ЕЗ, преку (реакција на пратениците во салата)

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ве молам овозможете му на пратеникот да говори.

**ХАМИД АЛИУ:**

Преку програмата на ФАРЕ го финансира новиот попис со контрола на меѓународните организации. Појдовна основа мене ми е пописот како статистички метод на надгледување на одреден територијално ограничен статистички собир (скуп). Поради прибавување на информации за неговата структура на дадените одбележувања во одреден момент. Оттука не можеме да се жалиме дека општествената наука демографија не ги открила и не ги користи квантитативните методи и на аналитичката теорија каде голема улога игра демографската анализа, демографските модели итн.

Изгледа дека во сите пописи во минатото а и сега во голема мера се специјализирал Заводот за статистика и тоа:

1. да  ги прибира податоците и тоа во статистички облик

2. анализа на ноемвриските податоци на становништвото

3. истражување на верските на меѓузависните демографски феномени а и затоа и по официјалните податоци што ги давал овој завод досега ги давал како што сакал односно како му конвенирало. Ако сакаме да ја постигнеме целта зошто се прави пописот тогаш овој предлог-закон треба исклучиво према нормите на демократско цивилизирано општество односно треба исклучиво према сугестиите и барањата на експертската група и покрај тоа што некои мои колеги го елаборираа предлог-законот затоа што досега имавме чест овие два дена да слушаме час по историја и час по географија и час по гинекологија и дури

да се мешаме на луѓето во своите спални, меѓутоа за мене лично јас овој предлог-закон не се согласувам затоа што и моите претходни колеги, со членот 6 каде постои дека за мајчиниот јазик и тоа навистина многу на интересен начин каква формулација нашло соодветното министерство каде пишува "јазик кој вообичаено" јас не знам кој е обичаен а кој вообичаен јазик. Тоа мене не ми е јасно.

Исто така во истиот член, мислам што нема никаков резон за националната припадност дека не мора да ја дава попишувачот.

Истите забелешки ги имаме во членот 10 односно каде исклучиво формулациите мора по образецот 5 да бидат на мајчиниот јазик.

Истите забелешки ги имаме и во членот 22 каде треба Комисијата да има 15 члена, а не 8 како што е напишано.

Член 23 исто така мора да биде према експертската група на Европа, ако некој не знае што е експертска група ние не сме виновни, забелешките од каде ние ги знаеме овие податоци.

Член 24, исто така, да се намали бројот на жителите, а не како што е даден во Предлог-законот.

Фамозниот член 35 што практично и од моите колеги алтернативата да се брише.

На крај, иако пописот ќе го следат меѓународните посматрачи, експертската група, јас мислам дека овој Завод односно го изгубил поверењето и за мене не е битно како ќе се изведе пописот туку е битно обработката на податоците. Ако меѓународната заедница не ја изврши обработката на податоците за мене и овој попис ќе ја има истата судбина како што ја имале и досега.

Јас мислев дека не е за смеење госпоѓо министерке, затоа што ниеден во Заводот аз статистика албанец не е вработен. И досега од сите методи што се користени во статистиката податоците се дадени како кој сакал односно како на кого му конвенирало.

Сосема на крај почитуваниот колега Ешреф Алиу кажа. Јас не знам зошто овие два дена колегите македонци се нервираат. Ако досега пописите биле реални нема потреба да се нервираат. Ако навистина тие не се реални дајте, дозволете ние да направиме попис према сите норми, према сите методи кои ги практикува Европа и дајте еднаш ако сакаме да имаме доверба и во тој Завод, што досега го немаме, да го направиме пописот под исклучива контрола на ЕЗ и за обработка на податоците и комплетно па да видиме кој колку сме и кој колку сме биле.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Молам пратениците да седнат на своите места, а стручните служби да ги повикаат останатите пратеници што се надвор.

Бидејќи листата на пријавени е исцрпена прашувам дали уште некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

(од место за збор се јавува пратеникот Доста Димовска)

Па никој не бара збор, како не слушнавте, па сега реагирате на мојот збор, а викате не слушнавме.

Повелете.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Вие рековте да се пребројат пратениците, почитувани пратеници, во врска со предлогот за однесување на закон за попис, ценам дека барањата на партиите ПДП и НДП за дополнителен поточно за нов попис како што е наведено во законот не се случајни, тие  се составен дел на

политичката тактика на раководството на овие партии чија што цел здобивање статус на народ за албанците во РМ со што би се одело кон федерализација на РМ. Неслучајно челниците на овие партии и некои од пратениците го повикаа албанското малцинство на бојкот на попис од 1991 година. За ваквото организирано спротивставување на примена на законски одлуки за пописот никој не сносеше одговорност. Напротив само по две години пратениците во Парламентот треба да изгласаат закон за нов попис за да 1994 година поточно закон за еднократна употреба иако општо познато е дека во државите попис се извршува на секои 10 години. На ваквата иницијатива на Заводот за статистика која што е прифатена од страна на Владата и претходеше организирана посета и настапи на претставниците на ПДП на разни меѓународни форуми и европски држави во кои се искажувани редица невистини за бројот и положбата на едничките малцинства во РМ.

Најголемата невистина е дека наводно во РМ од вкупниот број на населението 40% се албанци. Со овој податок се манипулира веќе неколку години и за жал македонската Влада досега официјално не реагира не ги демантира овие податоци кои што создаваат сосема погрешна претстава за националниот состав во РМ и за правата на малцинствата, а факт е дека претставници на оваа партија и пред меѓународните форуми како претставници на македонската држава, последен пример беше со настапот на пратеникот од ПДП на Европскиот Парламент каде што искажал голем број на невистини за состојбите со правата на малцинствата и од страна на официјалните претставници на државата не е реагирано.

Со ваквата тактика се настојува да се создаде погрешна претстава и да се изврши притисок пред меѓународната јавност за здобивање на статус на народ. Во врска со тоа се барањата за измени на Уставот со кој

албанците би добиле статус на народ и албанскиот јазик би бил службен јазик паралелно со македонскиот.

Барањето за нов попис го гледам како обид за разнебитување на Македонија со притисоци, нелегални средства со цел да се зголеми бројот на етничките средства со што се настојува да се релативизира до максимум бројноста на македонците.

VIII/1 НН/ЛБ

**ДОСТА ДИМОВСКА:** продолжение

Ваквата политика е со благослов на власта во Македонија. Постојаното подлегнување на разни притисоци , влечење на политички потези, а кои се предизвикани од притисоците на албанските екстремисти и влијанието на албанското лоби значи немање на сопствена автентична надворешна и внатрешна политика која целосно би ги изразувала националните интереси, туку се води политика на попуштање без мерка, политика на методи на наметнување на решенија кои го доведуваат во прашаше суверенитетот на нашата држава . Беспримерно е наметнување на потребата на попис од страна на меѓународни организации и тоа да се прифати приговор од страна на македонската Влада, факт е дека во ниту една друга држава, вклучително и земјите кои што порано беа социјалистички не е извршен ваков попис.

Што се донесува конкретно до текстот на законот ценам дека рокот што е предложен во текстот е нереален со оглед на тоа што на седница на Собранието многу доцна е доставен законот. Исто така финансирањето кое што е наведено, изворите на финансирање се несигурни. Во текстот на законот се наведува една бројка од 1милион половина долари и се вели дека ќе се обезбедат средства.

Ние како пратеници за да го дадеме својот глас"за или против" овој закон немаме конкретни податоци дека се обезбедени средства. Што ако не се обезбедат средства од меѓународните организации. Значи ли тоа дека овие средства ќе се обезбедат од буџетот на сметка на фондот на пензиско инвалидско осигурување а исто така на сметка на фондот на социјално осигурување.

Исто така, во текстот на законот има голем број на непрецизни поими, како што е поимот "националност". Имено, се вели дека пописните листи ќе бидат на јазиците и на националностите. На кои националности? Значи ли тоа ако е тоа некој ерменец и има потреба да

се попише_ на свој јазик и ако имаме само еден ерменец во РМ и дека тој ќе биде попишан на својот јазик.

Не се наброени националностите, а исто така од страна на предлагачот не е наведена квотата. Ценам дека во текстот на законот јазикот и писмото на кој ќе се врши пописот, имено наведено е дека пописните листи ќе бидат на македонски, на јазиците на националностите не е во согласност со член 7 од Уставот на РМ во кој што јасно е определено во став 1 дека службен јазик во РМ е македонскиот и писмото на кое што треба да се комуницира е кириличното писмо, додека другите два става се однесуваат на единиците на локалната самоуправа . Овој закон е од Републички карактер и не може да се однесува поединечно за локалната самоуправа. Исто така и пописот е државна работа, нема локална примена и ми се чини дека во текстот на законот е прекршен член 7 од Уставот.

Исто така ценам дека принципот на кој што се составени пописните комисии, како што е предложено во текстот е чисто произволен. Имено, тој е засниван на два критериума. Едниот критериум е стручен и се вели дека според стручноста на членовите на Комисијата тие ќе го сочинуваат републичкиот состав на пописната комисија или воопшто општинските комисии, а вториот е чисто политички, во стилот на едноумието каде што се водеше политика на национален клучи и фактички таков предлог имаме, по национален клуч да биде составена оваа Комисија. Јас не можам да го разберам предлагачот зошто врз основа на овие два сосема спротивни критериуми го предлага формирањето на Републичката и на општинските пописни комисии. Ми се чини дека треба да се почитува само првиот критериум, т.е. стручноста. Нема потреба, според Уставот сите граѓани на Македонија се рамноправни, да се воведува некакво си право на екслузивитет на одредени националности и врз основа на овој измислен принцип да се формираат Комисиите.

Исто така, -во текстот на законот има такви противречности кои што навистина ме збунуваат. На пример во член 35, во алтернативата на членот предлагачот се повикува на законот за локална самоуправа. Факт е дека Законот за локална самоуправа не е донесе. Исто така предлогот од страна на Министерството не можам до крај да го разберам. Во членот 35 има неопределени термини, како што е "значителен број на припадниците на националностите". Што значи тоа значителен број? Значителен број може да биде 0,1, може да биде 1, може да биде 2 итн. во бесконечност. Значи, се остава на предлагачот врз основа на сопственото наоѓање да го определи овој принцип.

Што се однесува до некои излагања кои што беа кажани на оваа говорница денеска јас би реплицирала на излагањето на пратеникот Мерсим Положани кој што изнесе редица навреди на националните партии, а од страна на претседавачот Киро Поповски немавме никаква реакција. Тие навреди не сакам да ги коментирам, но сакам да пот- сетам на фактот дека господинот Мерсим Положани беше промотор на федерализација на Македонија. Директно неговите излагања беа свртени против суверенитетот на македонската држава. Тој ја промовира Илирида во Струга и како функционер на оваа држава, како пратеник во Македонскиот парламент не сносеше никакви санкции и од страна на власта немавме никакви реакции. Факт е дека законот требаше да се позанимава со активноста на овој пратеник кој што кривично требаше да одговара

**СТОЈАН АНДЕОВ:**

За Предлогот на законот треба, а не ...

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Претседателе не бевте тука дозволете да реплицирам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не. Вие реплицирате на некои тези, а не сега вие дискутирате за господинот Положани и личноста негова.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Исто така беа искажани критики на работата на Заводот за статистика. Јас не знам како можат некои пратеници на ПДП да се однесуваат како да не се тука, како да не се членови на коалиционата Влада. Факт е дека директорот на Заводот за статистика го именува Владата. Како може незадоволство да се покаже од директорот на Заводот за статистика, зошто тие реакции не се пренесоа преку министрите на ПДП кои што имаат директно учество во Владата. Ми се чини дека ова е крајно лицемерно. ПДП е партија на власт и не може да се однесува како опозиција за предлози на закони кои што ги предлага самата Влада.

Исто така беше искажано дека притисоци врз македонците муслимани врши власта. ПДП е во власта господа, и во тие притисоци врз македонците муслимани најдиректно е вклучена ПДП која што настојува да изврши денационализација над македонците.

Што се однесува до употребата на зборовите јас би сакала да му кажам на господинот Положани дека тој има словенско име и во една прилика кажа дека албанците се постари на овие простори од планините, но би сакала да го потсетам дека планините имаат словенски имиња, па исто така и господинот Положани има словенско име. Во основата на неговото презиме е зборот "ложи", кој што е македонски збор.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Од последното. Јас сум албано-македонец, реков малку порано. Инаку Положани е крај и нема врска со она. Тоа е меѓу двата дебра, Пешкопеја и Дебар.

VIII/5

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, не е ова симпозиум.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Има словенски зборови и во срцето на Албанија. Тоа се наследство на цар Душан и неговото имагинарно царство кое траеше многу кратко и секако никогаш нема да се повтори. Но јас на ова Собрание и воопшто на јавноста , ќе ми дозволи претседателот да реплицирам по одредена работа за која моето име често се врзува-

И во текот на оваа седница често беше споменувано моето име во контекстот на политичко територијалната автономија на албанцитте за Македонија односно Илирида. Одговорот на овие конструкции мислам политички конструкции го имам дадено благовремено на домашните и странски средства за информирање. Тие изјави и мои одговори никој после тоа не ги оспори со аргументи спротивни на моите. Зборува со аргументи, не палаврии. И пак овде се поставува тезата на краткото паметење. Па, како пијан за плот повторно актуелизирање на Илирида која и сега се гледа исклучиво како федерализација на РМ па дури и како прва фаза на секцесионизам. Се започна со Уставот на РМ каде албанците не се задоволни со својот статус, поради што дојде неучествување на референдумот чиј што втор дел предвидува можност за приклучување кон друга државна заедница. А тоа во случајот би била која друга освен Србија односно мини Југославија, а и вашиот источен сакан сосед. За да на крајот по упорно барање на албанската популација во Републиката беше спроведен многу масовниот референдум за политичко - територијална автономија.

(Господинот претседател го предупредува на говорникот дека има уште 1 минута)

Баравте ве молам, ви одговарам. Во рамките, односно во јуреспроденциајта на РМ, а после тоа и верзиите, формите на фактичната организација на споменатата автономија. Зборува за време од пред две години, госпоѓице, господо војводо, каде во игра беа неколку

варијанти. Од специјален статус ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам не можете да објаснувате сега. Ова е само реплика Ајде завршувајте.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Само реплика господине претседателе, еднаш треба да се даде одговор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Е не може одговор, само реплика од 5 минути.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Уште 2 минути.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Одговор во весник, на радио, на ТВ. Овде е 5 минути само.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Во игра беа неколку варијанти, Од специјален статус на албанците, политичко - територијална автономија до комбинирана територијално локална и културна автономија. Сето ова беше во согласност со постојната регулатива. Впрочем , поради тоа тогашната власт не ги попречи тие активности. Овие барања на мнозинството албанско население...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, ама вас ви помина времето, готово. Ајде сега да му дадеме збор на друг.

(господинот Положани не сака да ја напушти говорницата.) Господине Положани искористите друга прилика, на друго место на госпоѓицата Димовска да и ги објасните сите тие работи.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Претседателе, да не се манипулира, да дадеме одговор на она што постојано ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, вие ќе си се пријавите во нормален редослед. Верувајте сакам да ви објаснам на сите.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Дозволете да кажам уште нешто.

Тогаш и кажувам и закажувам состанок на госпоѓицата пред телевизиските камери, ако прифати и на друго место.

**СТОЈАН АНОДВ:**

Добро, после ќе се договорите. Господинот Халили се јавуваше за збор. (госпоѓицата Димовска без да и дозволи претседателот излезе на говорницата).

Госпоѓице Димовска, прво причекајте можеби ќе треба на двајцата да дадете одговор. Сега причекајте на ред сите што биле спомнувани.

(Госпоѓицата Димовска не ја напушта говорницата) Дозволете ми да ја водам седницата. Немојте да ми го одземате тоа право. Ве мола ослободете ја говорницата.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Дозволете само. Затоа што дозволивте пратеникот да ми се обраќа со титули кои што не се официјални во РМ . Ние сме тука пратеници...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ајде ве молам сега ослободете ја говорницата.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Дозволете да се доискажам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе ви дозволам после. Ќе си добиете збор. Сега немојте, причекајте малку.

Има збор господин Халили.

VIII/8

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Почитувани пратеници , во нејзината напишана дискусија од некој друг госпоѓица Димовска меѓу другото вели вака "во неговата дискусија во Европскиот совет еден пратеник од ПДП изрази големи невистини за РМ".

Не излегов тука да се расправам со нејзе бидејќи не чувствувам таква потреба, излегов затоа што лагата не ја трпам воопшто и ја повикува госпоѓата, извинете госпоѓица да ми каже кои се тие невистини што јас ги изреков во Европскиот совет. Или во спротивно не знаела што сум дискутирал јас таму,

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Прво да му одговарам на господинот Мухамед Халили. Информацијата за вашиот настап во Европскиот парламент беше дадена на независната телевизија А-1. И ние немаме причина да не и веруваме на таа информација и врз основа на таа информација вие во официјални1 документи прво сте биле претставени како член на делегацијата на Албанија, не на РМ. Според таа информација вие сте искажале голем број на невистини за состојбите со малцинските права во РМ.

Што се однесува до излагањето на г-динот Мерсим Положани јас сум му благодарна што ги потврди моите тврдења дека не само планините имаат словенски имиња, туку голем број на градови и села во Република Албанија имаат словенски имиња.

Исто така, пред целата македонска јавност потврди дека поддршка за политиката за федерализација за формирање на т.н. Илирида и никакви пречки имал од официјалната власт во РМ , поконкретно од Владата и од државното раководство во која што влада има пет министри и се уште имаат таква поддршка.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Прво, сега се докажа дека работите не ги познаваш, не читаш...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не така, ве молам со почит кон секој соговорник. Обраќајте се на Парламентот, не на поединец.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

А,а на Парламентот. На нејзе, бидејќи со нејзе реплицирам не со Парламентот.

Второ, во Европскиот совет оваа Сесија воопшто не е зборувано во никој случај за никакви права за никого, било малцинство било мнозинство.

Трето, предмет на дискусија не било тоа што вие велите тука госпоѓице.

Четврто, ако е точно тоа така како што вие изјавивте сега тука дека таква вест пласирала госпоѓица Елеонора Каранфиловска од А-1 тогаш еве пред целата јавност ви велам дека во тој момент госпоѓица Каранфиловска не била присутна во салата. Како таа смеела да дава такви извештаи кога не била присутна на тие седници.

За другото мене баш не ме интересира затоа што сега ќе имате оригинално досие пред **вас.**

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Мирниот референдум за кој разговараше госпоѓицата Димовска беше спроведен кога претседател на Владата беше мирниот, ценете, сакан приврзаник Никола Кљусев и немавме никакви проблеми.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Госпоѓица Димовска пак сака реплика.

IX/1/CC/лј

**ДОСТА ДИМОВСКА** (продолжение)

Да го потсетам господинот Мерсим Положани дека Министер за внатрешни во тоа време бе&е господинот Фрчковски кој и сега е во Владата. Исто така, поголем дел од министрите што беа членови на ПДП и сега се членови на актуелната Влада. Така што, некоја суштинска промена од составот на минатата и новата Влада нема.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, ако може да се потсетите еден со друг надвор од говорницата и од салата, ве молам.

Има збор господин Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници. Пред да почнам со дискусија, со оглед на тоа што за овие неколку денови колку што трае оваа расправа, видовме дека сите пратеници што дискутираа се големи експерти од оваа мошне проблематична и чувствителна област, демографијата и статистиката, секој користи свои лични подато1. од каде ги нашол. Јас сакам да кажам дека сите податоци што ќе ги кажам се исклучиво од Републичкиот завод за статистика и неговите годиш- ни извештаи што ги дава во текот на секоја година.

Веднаш на почетокот да кажам дека на Републикава во овој момент и е потребен попис исклучиво од причина да се симнат сите дилеми и лаги на сите што ги лансираат во своите политички настапи. Сметам дека е потребен попис за ред причини, меѓу кои развојната економска стратегија на државата, водење квалитетна популациона политика на државата, од причини што доколку оваа држава продолжи со оваков начин на водење на популационата политика и со оглед на територијата што е навистина доста мала од 26-27 илјади километри квадратни, со оглед на ограниченоста на природните ресорси, сметам дека многу лесно ќе се доведеме во ситуација на држави во кои што веќе се гладува. Едноставно просторот е тој, природните резерви се тие и со

се поголема и поголема бројка на население, независно дали е тоа резултат на миграциони движеа»а или на наталитет на одредени популациони групи, тоа за сите што живете на оваа територија, независно од националното потекло и структура може да има катастрофални последици за развојот на државата и развојот на стандардот на граѓаните на оваа дражва.

Дека оваа држава не водела досега квалитетна популациона политика што резултирала со интересите на тие што живеат во државата независно од националноста, само ќе кажам два примери. Пописот од 1961 година каде што 71,19% се изјасниле македонци, 13,02. албанци и 30 години после тоа, во пописот од 1991 година каде што 65,30% се декларирале како македонци и 21,73% како албанци. Тоа е предвидена бројка со познати статистички методологии која што произлегува од податоците од пописот во 1981 година и податоците после тоа за родени умрени итн.

Сметам дека не смее една повеќенационална држава да дозволи одредени популациони групи бројката да им се наголемува а на други да се намалува. Взаемниот сооднос да се менува. тоа може да се води кон загрозеност на одредени структури, а видовме во нашето блиско соседство и минато кон што доведе чувството на загрозеност.

Сметам дќеа тоа што оваа држава во досегашното нејзино водење на популационата политика дозволила од 1961 година процентот на македонци во државата да падне за повеќе од 6%,а процентот на албанци да се зголеми за повеќе од 8% може да има катастрофални последици за нашата иднина. Затоа инсистирам дека попис треба дека се изврши, пописот треба да биде квалитетно спроведен и Републичкиот завод е тука должен на тие што го водат, ресорниот министер, госпоѓата Силјановски да каже да ли се способни и подготвени да спроведат попис што ќе ја отслика вистинската состојба во државата, односно ќе изврши попис единствено по оние критериуми предвидени во Законот. Тука пред

се мислам на единствениот матичен број и државјанството од причини што постојат разноразни манипулации, изигрувања на тие прописи.

Факт е дека оваа наша Влада, сегашна коалициона, повеќе партиска дека апсолутно не води никаква популациона политика. Само ќе илустрирам со еден дополнителен доказ. Во јуни 1992 година имавме како држава покана од Генералниот секретар на 00Н за учество на РМ на Седмото популационо светско истражување што беше под покровителство на она. Рокот за пријавување беше 1 октомври 1992 година. Ниту старата експертска, ниту оваа коалициона не го удостоија Генералниот секретар да го известат, ниту Одборот дека нема да учествуваме на тоа популационо истражување. Сепак, тие популациони истражувања се многу битни, многу значајни и како што гледаме и ОН се загрижени за одредени параметри заради следење на состојбата од оваа сфера.

Би сакал сега да кажам - збор два за тоа што веќе подолго време од оваа говорница, на разни партиски конференции, во разни соопштенија на одредени челници на поедини партии кои се декларираат дека се претставители на цел етнички колективитет, на одредени етнички колективитети во државата, се изнесуваат бројки кои што за тие кои се малку - малку упатени во демократските движења, во бројките во статистиките, се навистина смешни. На пример, бројката од 800 илјади, од 1 милион албанци, милион и 200, роми 250 илјади, срби 400 илјади итн итн. Сите овие партии што ги декларираа овие бројки тврдам дека на овој попис ќе сакаат и да покажат дека навистина овие бројки се точни Затоа мислам дека на овој попис ќе има еден стратешки притисок како врз населението при нивното национално определување и изјаснување на попишувачите, така и врз самите попишувачи и навистина е голем проблем, како оваа власт ќе се знајте во реализацијата на пописот.

Инаку, тврдам дека попис ни е потребен единствено од причина, најповеќе да им се докаже на сите овие неодговорни политичари што ги даваат овие изјави, а на тој начин ги фалат овие национални страсти кај своите етнички групи.

На пример, тука мислам и пратеници од ПДП од оваа говорница кажаа дека релативно точен попис бил пописот од 1981 година. Тоа го прифаќам, и од причина што претседателот на Републичката пописна комисија беше албанец. Не е битно сега, да не именувам. Бројката што 1981 година се издаде дека во Македонија се 377 илјади на број албанци за мене лично, и тогаш имаше манипулации, и тогаш се носеа од Косово инструкции на терен да го инструираат населението, бидејќи тогаш критериум не беше единствениот матичен број, ап се прикажуваа и одредени луѓе се попишуваа по неколку пати, постојат докази за тоа, значи бројката за мене од 377 илјади и тогаш е напумпана таа бројка.

Но, да претпоставиме дека е точна таа бројка, постојат годишни податоци, за тоа колку годишно се раѓаат новороденчиња, деца, независно од која етничка група. Факт е дека, ќе почнам по ред, 1990 година родени се 11 илјади 419 албанчиња. 1989 година 11.067 и да не набројувам до 1981 година бројката се движи помеѓу 11 и 11.500 илјади. Кога ќе ги соберете овие бројки за 10 години и кога ќе се додадат на бројката од 377 илјади јасно се добива бројка од околу 485-490 илјади. Значи, ова е бројка под услов да не умрел ниту еден албанец во Македонија за тие 10 години од 1981 до 1991 година. Затоа предлагам господа да бидеме малку пореални во своите изјави, да внимаваме што изјавуваме бидејќи секој од нас е јавна личност и сносиме одговорност за кажаниот јавен збор.

Лесно е, бидејќи Македонија граничи со Косово и со Албанија факт е дека во краен случај може да се пресели цела Албанија тука, да се попишат сите, па ќе испадне и повеќе албанци. Тоа е многу лесно

IX/5.-

Има и други  докази за одредени миграциони движења, одредени популациони движења. Тоа се докажува многу лесно и со други примери. Еден класичен пример, еден класичен печалбарски крај Битола. Во статистиката се познати тие т.н. речени контингенти на население што се водат од 0 до 4 години, од 10 до 14 години, од 20 до 24 години итн. Еден класичен печалбарски крај, Битола, ако се земат тие споредбени податоци за 1971 година, и 1981 година ќе се дојде до еден на- вистина апсурден број. Во 1971 година од 10 илјади 168 граѓани на Битола од 0 до 4 години, после 10 години, која бројка не може да биде никако поголема, бидејќи може еден да умрел, таа бројка е помала Доаѓаме во ситуација таа бројка да изнесува 10 илјади 542. За 450 жители поголем, исклучиво во печалбарски крај каде што населението бега во Австралија, Канада итн. Ние имаме случаи населението да се зголемува. Тоа се должи исклучиво на миграционите движења во тие делови. Тоа исто може да се докаже за Охрид и ред други печалбарски краеви, Ресен и други.

Тоа значи, дека ние како држава мора да внимаваме на овие движења од причина што го рекол и ќе го повторам пак, доколку не водиме популациона политика, како држава. Сите губиме, независно дали сме македонци, албанци, роми итн. Живееме на многу мала ограничена територија, природните ресурси се навистина мали и ограничени и не водењето на оваква популациона политика само имплицира една работа, а тоа е осиромашување на сите кои живееме на оваа територија.

Уште нешто, знам дека може би ќе стане некој да реплицира за овие податоци итн., јас само ќе кажам дека во бившата Југославија навистина имаше квалитетни стручњаци од оваа област. Еден Дофе Вогелник, еден Милош Мацура беа претседатели на популационите комисии при ОН. По нивни методологии беа извршени пописите 1961 и 1971, 1981 година. Нема никој право овде да стане и да ги стави под

сомнение бидејќи дос досега никој не се има пожалено на резултатите од тие пописи. И последниот попис од 1981 година, и подароците до 1981 година се појдовна основа за сите овие анализи што ги кажувам.

Конкретно за законот, барам прецизно да се регулира во законот и да ми се достави во Предлогот на законот која стручна комисија е главна и чија одлука ќе биде крајна. Односно, дали Републичкиот завод за статистика или пак Републичката пописна комисија. Сметам дека во член 12 и член 21 нивните надлежности се испреплетуваат и не може да се утврди кој над која е надредена. Сметам да не се меша политиката во струката. Ова е една специфична проблематика и таа треба да ја работат луѓе што се разбираат и што се оспособувале долго време во таа област. Предлагам Републичкиот завод за статистика да биде таа инстанца чија што одлука ќе биде крајна.

Понатаму, барам во законот во посебен член да се регулира одговорноста за злоупотребата при примопредавањето на пописните материјали. Факт е дека пописните материјали ќе одат низ неколку раце, од попишувач, преку инструктор па на општинска комисија па во Републичкиот завод за статистика. При сите тие предавања може да дојде до разни манипулации. Барам да се утврди и стриктно да се пропише одговорноста на лицата што ќе манипулираат при овие примопредавања.

Во законот барам да се прецизира уредувањето на теренот и да се ажурира статистичкиот карактер на теренот. Односно , да се дефинираат статистичките и пописните кругови. Сметам дека ова е од многу важно значење, од причина што имаме над 8 илјади попишувачи. Ако овие пописни кругови не се регулираат соодветно, ако тие осум илјади попишувачи секој да исклучи само по едно семејство,а може да се случи многу повеќе да бидат пропуштени, ќе дојдеме до бројка од 40 илјади граѓани пропуштени со пописот. Веќе резултатите доаѓаат пол сомнение.

Затоа предлагам при ова делење на просторот при разбивањето на просторот да се води посебна евиденција и точно да се прецизираат реоните на секој попишувач.

Понатаму, во казнените одредби барам, па дури ако треба и во кривичниот закон нека влезе, бидејќи тврдам ќе има обиди за големи манипулации, да се предвидат драстични казни за лицата што даваат изворна документација, односно матичарите. Тврдам дека ќе имаме случаи кога ќе се даваат тие единствени матични броеви итн., а некој ќе се обиде лажно да ја прикаже бројноста на својата популација. Тука треба да се пристапи многу внимателно, да се пристапи кон ова и да се предвидат, повторувам, драстични казни.

Алтернативата во членот 35 за мене е прифатлива.

Исто така барам да се воведат драстични казни за сите овие лица, странски државјани фатени на лице место како вршат агитација за време на пописот како и 60 дена пред тоа. Доколку пописот оди во април месец сметам дека веќе од денеска тоа треба да важи. Не смееме да дозволиме на нашата територија да присуствуваат во овој, навистина карактеристичен временски теснец, луѓе кои ќе вршат такви дејности. Факт е дека ги има такви, мислам во соседството.

Исто така сметам дека Републичкиот завод за статистика овде јавно да каже дали може да овозможеа спроведување на пописот во овој период како што се предвидува 31 - март - 15 арпи, само од една причина што овие пописни материјали, само во членот 10, овие прашални се седум по ред, само да се подготват, само да се изврши инструктажа, на попишувачите, за мене лично е многу обемна работа и не верувам дека во овој период може таа работа да се заврши.

Од друга страна,критериумот и светската норма за попис е 31 март - 15 април, од причини што и опфатот на населението е утврдено во

светски рамки дека е најголем односно дека движењата се најмали.

Затоа предлагам ако веќе светска институција, јас не знам која е таа меѓународна институција што нам ни наложува да вршиме попис, тогаш тој попис да го вршиме по сите светски норми и стандарди Ако веќе го вршиме по сите светски норми и стандарди или ќе го вршиме од 31 март до 15 април или ќе го увршиме наредната година од 31 март до 15 април. Барем да ги запазиме светските норми од оваа област. затоа што навистина пописот е ена огромна работа и пописите се подготвуваат по 2-3-4 години.

Исто така предлагам со оглед дека постојат основани сомневања за злоупотреба на службениците во МВР при издавањето уверение за државјанство, дека се дојдени до одредени злоупотреби, барам дали комисиски, дали некоја владина комисија, дали министри во Владата да се изврши комплетна ревизија на лица кои добиле државјанство, дали ги исполнуваат критериумите и нормите пропишани за државјанството според законот за државјанството.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ**: (Продолжение)

Значи, за последните 2 години. Јас тврдам дека има одредени злоупотреби и ќе кажам само еден пример. Заменикот министер во Министерството за народна одбрана Назми Малиќи после 12 годишен престој во Македонија добива државјанство. Нека се провери и нека се види дали лажам или не. Доста е една злоупотреба. А тврдам дека можеби ги има многу повеќе, така се зборува. Барам да се каже вистината.

И уште за крај не е лошо да се каже, политичкиот момент е многу битен да оцени Владата дали политичкиот момент е тој, сегашен кој што може кој што може да не води во вршење на пописот, од причина што ако се изврши регуларен попис многу од тие челници, кој што кажав даваат изјави неодговорни за број на нивната етничка група Роми 250 илјади, Срби 40 0 илјади, Албанци 1 милион и 20 0, ќе се разочараат и нема да се доведат во ситуација да ја дестабилизираат државата кога ќе се соочат со вистината и со вистинските бројки.

Една мала реплика за тоа дека во Македонија после војната била населувана со Бугари, со Грци, со Егејци итн. јас не навлегувам за Бугарите и Грците, Македонците од Егејска Македонија не може никој да ги именува поинаку, отколку како што се.

Второ, тие се дојдени овде во своја матична држава, бидејќи нема Македонец од друга матична држава, во својата етничка држава, и да не им даде господ на тие што им се потсмеваат, тие да се доведат во таква ситуација да бегаат пред најголемиот егзодус што беше спроведен на Европска почва после војната.

На крај многу лесно можам да кажам дека во Албанија има 600 илјади Македонци и да барам попис таму да се изврши, вистинско под

меѓународна контрола, но тоа е неодговорна изјава и нема да ја дадам. За разлика од господата кој што си даваат и си прават екскурзии со паметот, со бројките, еден милион, еден милион и двеста и т.н.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитувано претседателство, почитувани дами и господа пратеници, овде во РМ и на овој висок државнички дом се наоѓаме пред еден заеднички договор, кој бара од нас сите успешно изведување на пописот на населението, што е од големо значење. Така треба да се сфати предлогот аз донесување на закон за попис на населението, домаќинствата, становите и земјоделските стопанства. Договорот што поуспешно биде овој меѓу нас, резултатите на пописот ќе бидат поцелисходни и поцелосни. До колку се осврнеме на она што беше и се случи во 1991 година, што мислам дека не е време и немаме потреба, ќе ги добиеме истите резултати какви што ги знаеме и какви што ги имавме. Пред нас стои шанса нешто да исправиме во тој " поглед и да донесуваме еден посолиден закон, кој ќе има за резултат објективни, точни резултати, целосни резултати и т.н. Да не го потврдиме она што се зборува дека статистиката е збир на неточни податоци. Тоа не би смееле да го дозволиме, заради целта што си ја поставивме пред себе да направиме успешен попис од кој многу нешта ќе зависат. Да ги коригираме нештата што се случија во 1991 година. Тоа нешто може да се постигне само ако се договориме за подобар закон и доследно спроведување на законот во практиката.

Предлог за донесување на овој закон претендира да биде сериозен обид за да се нуди еден поцелосен модел, посеопфатен и подециден доколку ние сериозно му пријдеме во нашата распра^а овде во Парламентот и да му се упатат забелешки, сугестии и кој ќе можат да им помагаат. Такви забелешки ќе бидат добредојдени за да се изготви самиот закон. За значењето на пописот не треба многу да се зборува, бидејќи тоа е речено и во науката и во практиката. За значењето на пописот што треба да го извршиме во оваа година, зборувам и членот 2 од Предлогот за донесување на закон каде децидно се вели: "Податоците собрани во пописот ќе се користат за национални планирања, научни истражувања и статистички цели". Значи, овие податоци ќе се користат и за ажурирање на единствениот регистар за просторните единици.

Со овој попис, било тоа да се нарече вонреден или редовен попис за нас е од големо значење, бидејќи РМ прв пат ќе оправи ваков попис по признавањето и осамостојувањето. Барем еднаш за наше сознание да ги знаеме вистинските состојби и односи со цел на наредниот период да утврдиме стратегии на нашиот развој. Реалните податоци да ни користат во намената што ни претстои во оваа политика, пред се политика, на нашиот општ регионален развој. Со ова на сите дилеми и критики направени досега да им ставиме краг расправата по овој закон треба да се одвива во рамките што е текст на закон, зашто овој закон има за цел токму тоа. Да не се соочиме, за жал, со проблеми кои ги оптоваруваат нашите меѓунационални односи непотребно. Да бидеме цивилизирани како граѓани и само така можеме да придонесеме за наше добро и да ја извршиме до крај оваа акција, а тоа значи осознавање колку сме поединечно сите по нации и вери и колку сме вкупно граѓани во РМ.

Треба да ни е јасно разлики постојат, но што помали да бидат тие разлики, тоа е наш интерес. Од тука, во оваа фаза ќе треба предлагачот да води сметка во врска со допрецизирањето на некои делови од текстот на некои одредби што се однесуваат конкретно на член 4 каде поимот вкупно "население" мора да се одредиме што треба тоа да значи во РМ. Дали само резидентното население, тоа што живее во моментот тука за време на пописот или ќе се опфатат и нашите државјани, што поради една или друга причина се наоѓаат надвор од границите на РМ.

Па, од тука моето размислување е во претпоследниот став на овој член каде што стои "вкупно население на РМ" ќе се смета населението попишано според став 1, точките 1, 2, 3 и 4, додека бегалците од други републики да се попишат одделно и како таков да се објави идниот попис. При тоа, да се изземе точката 6 од последниот став на овој член за да се одговори на поимот "вкупно население".

Член 6 се занимава со белезите на населението, национална припадност, мајчин јазик и вероисповед. Мајчин јазик да се стави во заграда - јазик што се зборува дома. Да се изземат и да е бришат зборовите што се однесуваат на вообичаен јазик итн. со тоа ќе се создаде забуна. Доколку намерата е да испитаме дека нашето население, покрај мајчиниот јазик зборува и некој друг јазик, тоа да си го кажеме како посебен белег, а не да го помешаме со белегот - мајчин јазик. Тоа да е прецизира.

Белезите на националната припадност и вероисповед се нормално изнесени, бидејќи сакаме да ја испитаме структурата на населението на РМ и поради кои се и обновува и самиот попис. За мене парадоксално е последниот став на овој член да стои за прашањата за националната припадност и вероисповед, лицето што се  лицето што се попишува не е

должно да се изјаснува дека е Македонец, Албанец, Србин, Турчин или некој друг. Значи, можеш или не мораш да ги дадеш тие податоци на која нација и припаѓаш по она што попишувачот го бара. Со тоа се дава можност да се дезавуира целта на пописот. Наша цел е во РМ да се знае што народ живее и каква структура има тој народ. И барам бришење на таквиот став.

Член 30 е доста конфузен и конкретно во ставот 2 се вели: "во пописниот круг во кој според пописот од 1991 година соодветна националност учествува со над 50% од вкупното население, се именува и попишувач од таа националност". Ние знаеме дека пописот од 1991 година беше нереален како за вкупното население, така и за населението во структура. Па, предлагам да се додаде текстот што би гласел вака: "Согласно со националната структура искажана со пописот од 1981 година, бидејќи овој попис од 1981 година е верифициран и можеме да се базираме на него.

На ставот 3 од овој член каде стои "процент од 20%, да се измени со (10% од вкупното население)". Веднаш по зборот "националност" да се додаде текстот што го предложив во став 2, но тоа да биде во согласност со националната структура според пописот од 1981 година.

Алтернативата од член 35 не ја прифаќам бидејќи е ограничувачка и е условена со донесувањето на законот за локална самоуправа, а законот за локална самоуправа се уште не е донесен.

Службите на МВР до сега не успеале до крај да ги извршат некои работи што неминовно се наметнуваат како потреба на граѓаните, а тоа се однесува за членот 38.

И со право се предизвика големо внимание кај сите нас овде и сите дискутанти тоа го потенцираа. Тука мошне пластично и мошне убедливо беше изнесено од претходните дискутанти. Ги бареме тие податоци од граѓаните во услови кога не сме спремни граѓаните да ги обезбедиме со таа документација. Тој проблем од ден на ден станува се посериозен и со него се соочуваме и денеска со долгите шалтерски редици. Има граѓани што чекаат со месеци, а ги има доста и оние што се одбиени. Се работи за граѓани родени и растени во РМ.

Морам нешто и јас конкретно да кажам, пошто бевме апострофирани и како ПДП и НДП и како дискутанти претходно, па за возврат на тоа нешто да кажам. Јас не сакам да учествувам во вакви и слични интонирани дискусии, какви што беа од поедини господа од ВМРО-ДПМНЕ и од ВМРО-ДП, бидејќи тоа е агресивна позната ВМРОВ-ска реторика на типичен ВМРОВ-ски начин. Во нивниот атавистички плач за татковината, за мајката и за нацијата препознав патриотизам кој не е ништо друго, туку воен патриотизам, патриотизам на насилство и смртта. Нивните суманути идеи од правмровските шовинизми и нацизми, кој треба да ги асимилира сите немакедонци во РМ, кој е многу голем број, отколку што тие господа го замислуваат. На нивната експлозивна енергија, на великовмровската помаана на овие пророци на вмровскиот вулгаризам и фатализам им порачувам да не ги предвидуваат нештата овде на говорницата, повеќе отколку дометот на еден топ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, треба да зборувате за предлогот за донесување закон.

Господин Шакири. (Господинот Голубовски без да му даде претседателот збор излегува на говорница).

Господине Голубовски не ви дадов збор.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Не може вие овде да го следите Парламентот на ......

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само овде што јас ќе кажам, ништо друго. Ја прекинувам седницата. Не може тоа г-дине Голубовски вие да ја водите седницата. Пауза од 15 минути.

XI/1.- РД/ОМ

(По паузата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

**ВЕБИ ЏЕМАИЛИ:**

Господинот Малиќи после 12 години престој во Република Македонија добил државјанство, може да биде точно само ако сега господинот Малиќи има 20 години, бидејќи јас знам дека истиот е роден во нашето село во општина Куманово. Некој со своите дискусии не им е прв пат што ја злоупотребуваат говорницата. За мене многу индикативно и парадоксално кога се зборува дека граничниот премин од Република Косово ја пореметува националната структура во Република Македонија, што не е воопшто точно, бидејќи истите колеги зошто не наоѓаат за сходно барем два збора да кажат околу отселувањето на албанскиот народ од 1964 година до 1966 година кога масовно се отселуваа за Турција, бидејќи тоа го потврдил пред извесно време и покојниот господин Дургут Озел пред сите државни органи на Република Македонија и докажа многу децидно дека моментално во Република Турција живеат околу 4 милиони албанци, а еден дел од оваа бројка а еден дел од Република Македонија. Зошто пред овие факти ние не сакаме да ја знаеме точната слика на Република Македонија и во овој момент и порано . Исто така некој се послужуваат со некои турски тефтери дека во 1908 година живееле толку македонци, толку арнаути. Едно треба да знаеме да бидеме реални да не се излажеме себе и јавноста. Во пописот од 1908 година никаде нема во тој попис графа за македонскиот народ. Ако сакаме да се излажеме себе, тоа е друга работа. Ние како пратеници не треба да се занимаваме со истории ја. Ова е мислам потврдено со многу историски факти и околу ова прашање не треба да стои дилема. Само можеме да манипулираме и т.н., а

мислам дека не ни фер ни хумано да правиме во овој момент кога е во расправа еден многу важен закон за Републиката.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници.

По оваа збориме  на тема сакам да ги кажам моите видувања за некои прашања. Најнапред би истакнал од карактер на процедурата дека сум едноставно повикан да учествувам во расправата која се води на еден незграпен начин . Мене ми е мило затоа што сум искрен. Исто така јас барав по писмен пат да добија збор од почеток, бидејќи денес ка ни се такви околностите на личен план да не можам да сум вezден во салата присутен. Сепак Ви благодарам што сега доаѓам до тоа.

Што се однесува до приодот дека во исламот се заговара попишуваше на популацијата или пак се забранува , јас таквиот приод го црпам од званична публикација на Исламската верска заедница, печатена во 70 години во Сараево. За таквиот приод лично не можам да стојам и мене ме изненадува што еве веќе две години ориентирано како гледиште го лансирав, не сум чул повратно никакво појаснување или уточнување, дали е така, или не е така.

Што се однесува до начинот како во развиените демократии се третира неучество на пописниот опфат, тој се консеквенциите за граѓаните, јас лично не се чувствувам најдобро компетентен околу тоа прашање, но ориентирано може да се каже дека неучеството на попис е лично лишување од извесни права во таа држава. И нормално тука на политички план прво стои правото на учество во изборите, арно ама на економски план последиците исто така се видливи со дополнителни оптоварувања околу премер на имотот на катастарски увид и на она што значи економија на тој граѓанин.

Пописот како потфат на државата не е спорен за таа да стекне детален увид во нештата или во она што постои на територијата врз која таа држава има суверенитет и за да се направи попис воедно сепак мора да бидат задоволени и критериумите за запазување на нејзиното достоинство. Мое лично стравување е дека с овој сега веќе нов попис достоинството на нашата држава се нарушува. А околу тоа не се води доволно сметка, никој во институциите на системот, а уште помалку би кажал, можеби тука погрешна ми е проценката и во јавноста. Инаку ваков потфат познат е од античкиот период наваму , неговата величина или големина за потребата на државата не е за запоставување јас само сосема кратко ќе забележам дека и божиќниот расказ во евангелието почнува со попис. Поточно императорот дава расписка сета популација да си оди таму каде што и е живеалиштето за државата да може да направи еден регуларен попис.

Ќе навлезам малку во компонентите на овој попис кој се заговара со предлогот. Како настанува потребата да водиме, т.е. државата, не ние, ние сме само парламентарна власт, државата да спроведува попис одново по три години, потоа кој тој попис ќе го операционализира и како, самиот амбиент што овде во нашата држава се развива со години station наназад и по малку ќе кажам што мене каде имам желби по однос на овие дискусии што ги чув и нормално не се сите тие дискусии што малку отскокнуваат од моите претстави, но тие дискусии кои мене болат. Потребата за нов попис се правда со инсистирање на меѓународни фактори или партнери, притоа се заборава дека оваа дражва има меѓународно верифициран попис од 1991 година и дека надлежните асоцијации или тела и на стручен и н аполитички план барем во Европа веќе тој попис го имаат позитивно оценето и не го негираат. Но сепак

XI/4.-

Владата  се решава во насока да се излезе во пресрет во барање на еден од партнерите на коалицијата, веројатно тоа е за домашните потреби така, или барем за сметките на самата Влада. Секој мора од тие партнери да докаже дека води солидна грижа за своето гласачко тело. Јас не можам со големо жалење да се осврнам на начинот како Владата водела или воспоставувала релации и контакти со странски соговорници, со странски партнери, од проста причина немам во мене готовност да се информирам од мас медиите. Јас очекувам да видам за чекорите што Владата ги врши на меѓународен план по службена линија редовно и регуларно, т.е. во обем солидно информиран. Конечно функцијата пратеник има и свои обврски покрај правата.

Што се однесува до комуникацијата не владин дел со странски партнери и соговорници, тука уште помалку можам да кажам нешто, бидејќи нормално кога Владата веќе не наоѓа засходно по службен пат да ги информира пратениците за тоа што она контактира не мора да ги информира ни за тоа што фактори од оваа држава, било тоа политички партии, етноси, кои да е, културно уметнички друштва што превземаат на надворешен план да може да има импликација врз угледот на македонската држава. Така да и тука сум хендикепиран.

Сакам исто така да кажам дека желба моја е и во комуникацијата влада јавност нивото , или квалитетот да бидат издигнати. И тоа не се однесува само по однос на овој потфат, попис, а посебна приказна за себе си е релацијата Влада - Парламент. како законодавно тело ние не сме тутори на Владата и не мислиме да и се мешаме, но мислам дека комуникацијата во сите развиени парламентарни демократии е многу интензивна меѓу овие институционално највисоки органи на власта. За мене загриженост произведува и содржината на извештајот на Хелсинки

XI/5.-

Но за жал таму пишува назив кој е и незрапен и смешен и тажен за нас околу човековите права овде. Не сакам да навлегувам во тоа какви фактори ја оцрнуваат оваа држава , а воедно сака да бидат веродостојно прифатени за нејзини градители и пазители. Таму се излистани сијасек политички активни лица и партии , а исто така и претставници на Владата, почнувајќи од нејзиниот претседател. За мене е поразно во таков извештај да може да се прочита дека претставниците на Владата се согласуваат дека овде се врши, како вели таму дек) има дефицијанција во демократијата кон етничките малцинства и дека тоа наводно е заради наследството од минатото. Инаку за да биде по волја и по терк на сегашните носители , а и пописот во таа насока треба да даде можности се би било поинаку. Околу операционализацијата на овој потфат попис мораме да прифатиме не толку нужни елементи. Пописот како државен проект во сите држави го врши извршната власт. Таа има надзор. Парламентот може да има некаква контрола ако сака. Нашиот парламент благодарение на својата активност и повеќе пасивност не се секира за буџетот, а камоли за ваков настан јас се сомневам дека како тело ние ќе бидеме навистина при евентуален попис да вршиме контрола за активностите што ги презема Владата на тој план или ги превземала и памтам 1991 година дека заложби за парламентарен надзор имаше но и тоа се изроди до бескрајот. Стручни органи, надлежни тела за спроведување на пописот, тука мора да се каже дека дикцијата на овој предлог е Заводот аз статистика. А таква институција со децении, сега одеднаш да биде напаѓана на вака убоит начин не знам дали е објективно. Сиот државен апарат е заспоседнат со лица кои потекнуваат од минатото. И сите тие биле на листите од поранешниот Централен комитет на СКМ, потоа Партија за демократска преобразба. Не знам дали во меѓувреме се во СДСМ. Сега одеднаш за потреба на попис таков стручен орган да се става по страна и да му се одземе

надлежноста и кадарноста да го изврши тој потфат во најмала мера е збунувачка работа. Може секој да си има барања од политички аспект дали се ќе бара квота по национален состав, нема да мисли на компетенциите битни се бројките. Јас на пример отворено сметам дека мојата партија ВМРО демократска партија за македонско национално единство се избори за 39 места во овој парламент. Тоа е горе долу 33% од седиштето. Во меѓувреме што не ги држиме за тоа има многу причини, но народот си ги даде своите гласови. И по мое видување на мојата партија и следат места во државниот административен апарат, а прашање е дали може мојата партија да бара такво нешто за секој е министерство. Тоа е многу големо прашање, а и за Заводот за статистика. И доколку се врши ваков потфат се има ангажман можеби за илјадници попишувачи, се надевам млади лица невработени и некако беше таа дискусија летото околу избори евентуални да ставаме пензионери, бел ким сега нема да бараме . Јас сметам дека на пензионерите мора да им се води грижа но на соодветен начин, а не на тој како што се обидувавме тогаш да протуриме.

XII/2

Евентуално ќе може хонорарите да бидат државни на нивото од 1991 година, но вкупните издатоци за печатење, за репроматеријал, за опрема од технички карактер тоа ми се чини дека ќе повлече со себе зголемување на издатоците. И 1.500.000$ се премалку, а настрана што прашање е дали ќе стигнат и прашање е дали може дел од државниот суверенитет со една таква позајмица да биде замачкан. Кога велиме државен суверенитет морам да кажам и тоа , барем јас чувствувам таква потреба дека повикување надзори странски опсерватори при вршење на попис давање на увид, па макар и дел од сознанијата од евиденциите е горе-долу неупатно. Но, кооперативноста барем како што овде мнозинството сака да каже веројатно налага такво нешто само за мене останува недоумицата, вреди ли ние при меѓународно верифициран попис од 1991 година да се залагаме за нов попис. И финансиските показатели по мое видување ќе бидат за нас негативни, а исто така и прашање е на нашиот државен суверенитет дали со еден таков потфат ќе се докажеме.

Амбиентот во нашата држава во Република Македонија кој се таложи години наназад изобилува со недоследности пред се на пропаганден план. Некои од колегите го истакнаа тој момент дека се намалува систематски националното чувство на Македонецот, а пак кај другите етноси се потенцира. И за ова е потребна детална социолошка студија првин, а потоа и анализа зошто е така  но ориентирно во политиката, сепак, сме овластени да си кажеме од каде дуваат ветриштата, поточно кое е вентилаторчето, а има и вентилатори Кај нас за потребите на мала група воглавно од раководниот дел се има согласност да се намали, па и националното чувство на Македонците. Зошто на пример при пописот да не бидат опфатени македонските

иселеници. Популацијата што е од западните делови на Републикава преку океаните е горе-долу половина милион, а од целата етничка територија јас немам такви показатели, не можам да навлегувам. Инаку ако некој од нив сега се врати тука тој ќе биде попишан, ако не се врати сега тука нема да биде попишан. И на тој начин горе-долу уметнички Македонците се малцинство во своите краишта, а на оние што се отселени им се одзема и родната грутка. Дикцијата на Уставот е таква да тие луѓе се државјани на оваа Република и тие мораат да бидат опфатени во регистрите. Инаку по однос на амбиентот сосема кратко ќе наведам , можеше онака илустративно да биде споменат и г-динот Стојан Христов кој се врати по 50-тина години од Америка тука тој сигурно ќе биде попишан, а тие кои не се вратиле нема да бидат попишани. Инаку тој е од Гевгелија. Велам амбиентот кај нас во македонската држава. Пропагандниот план е сосема неповолен. Се лансираат секакви гласини, секакви пари се во оптек, вака да се пишете, онака да се пишете. Но, има неколку темелни сознанија како држава се разградува и како држава настанува, или се гради. И она што јас имав можност да чујам учен свет, а не можам сето тоа да го репродуцирам. Конечно мислам да штедам малку и од времето, корупцијата во државната администрација е главен виновник за уништување на некаква држава. А нам ни е познато дека она што наследивме е сепак од поранешна државна творба. И јас морам да ви кажам дека на тој план бидејќи Парламентот ете, одбегнува на интелигентен начин контролната функција да ја врши. Јас не памтам, не е ни многу пожелно на пленарна седница да се разгледуваат таквите девијации во администрацијата, но би можело да имаме такви комисии кои би биле активни, а не и во случај на убиства да немаат кворум, по осум пати да се сретнат

парламентарните комисии. Корупцијата ќе мора да биде искоренета, или за добробит на државата. Ако сакаме да ја умртвиме ние ќе апстрахираме од таа наша задача како Парламент и се ќе ни биде во ред и ќе бидат хонорарите за адвокати за на суд, за не знам каде во илјадници марки, се ќе биде во ред и ќе биде хонорар за добивање некаков лист , па вклучително и документи за лична легитимација некаде во стотици марки, или долари, што и да е и нам се ќе ни биде пак во ред. Но, мојот апел е тој да се биде темелен на планот на градење еден солиден административен апарат и тука мора да дојде до израз компетентноста на носителите во тој апарат, а тоа ќе важи и за Републичкиот завод за статистика кој меѓу другото горе-долу се верифицира веќе покажа и докажа дека го бидува барем за некои прашања , но и тука ќе мораме да бидеме ние внимателни. Јас имам посебни копии на такви документи што ги издава администрацијата Нема сега тука да мафтам, а овде се внатре, со нив на истото лице од истиот орган на управата му се издава ист документ со различни податоци внатре по однос на татково име, по однос на место на раѓање Па видете ние сме најповикани , ако некој бара докази, ќе ги види, но не сакам од говорница да ги презентирам. Ние сме сепак како Парламент најповикани за вакви девијации да расправаме и да доведеме решенија, а не како нојот да ја туркаме главата во песокот и да кажуваме: не не интересира, ништо не сме виделе, не сме чуле. Јас ви благодарам на вниманието.

По однос на она што го чув од вас, посебно од Парти- јата за целосна еманципација на Ромите, јас би сакал да чујам уште некоја одредница. Ако веќе и во Хелсинки во што е наведено и овде ете се инсистира на бројност на популацијата од 220 илјади Роми, честитките мои се тука. Да ми кажете од каде мислите дека биле тие претопени во

пописот од 1971, 1981, 1961 година, па и 1991 година. Кој е тој што нив ги асимилира?

По однос на залагањата за мутирање во одредбите на членовите, сега да не почнувам, сите од ред во суштина беа член 4, 5, 6 по прашање 10, 21, 22, 23 итн., но не и ставови. Под услов тие залагања што најмногу на број, барем во стенограмата ги прочитав кај колегата Веби Џемаили да бидат прифатени и ние да бидеме носители на таквите залагања. Јас би кажал тоа оди многу поедноставно, да се укине овде државниот суверенитет и многу полесно ќе биде. Да се дава можност на меѓународна инстанца, па и комисија да е, па и колку да е експертска таа да одлучува, таа прва да добие увид во тие ре-ултати, тоа за мене е сосема неразбирливо и не знам која друга држава такво нешто сторила, а интересно е да се чуе. Инаку имаше такво залагање ние овде да водиме само стручни претреси, стручни анализира. Експертите кажале што имаат да кажат, предлогот е издржан, текстот е сосема солиден, е сега вие бидете подобри мајстори од мајсторите. Пратениците во ниедна држава не се најдобри за секое прашање. Тие се израз најчесто на слободно изразената волја на населението и не сакам јас да бидам сместуван во доменот на јако стручните лица. Овде и во оваа држава, а и настрана во светот има и установи и институти и има места каде што се негува уметност, па таму се тие подобри и поповикани, а ние колега Бранко Арсовски можеме да бидеме велам само толкувачи на политичката волја на населението. И не би требало да си се лишиме од тоа право. Стручни анализи да, во експертски групи во такви тела свикувани по налог на комисии од Парламентот. Но, овде на оваа говорница да се бара прво класно ораторство, првокласна проницливост во материјата, било тоа да е статистика, еве сега, или да е социјална политика, или здравство или такво нешто не може да биде постигнато.

Сепак, оние кои ги но- сат титулите доктори на наука секој пат ќе бидат подобри од било кој пратеник, па и за стопанство, за право, за медицина итн.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Пратеникот Фаик Абди има реплика.

**ФАИК АБДИ:**

Јас многу внимателно го слушав излагањето на претходниот дискутант, постави доста здрави работи како прашања и добро е што прашува од каде толку Роми? Интересно е,- сите се интересираме за Ромите како можело волку да бидат. Добро е еднаш да се интересираме и за Ромите. Ако ние во државава која што ја имавме да речам од памтивек пред 50 години сме имале една здрава базна подлога, здрава база, искрена и точна база на која што секако ќе се додадеше природниот прираст на населението, ќе се одземеа умрените, ќе се додадеа дојдените, ќе се минусираа отидените од тука, ние пописот ќе го правевме тука некаде во близина. Меѓутоа, немаме такви здрави основи и пописот вака законски гледано треба да биде олицетворение на онаа каква што е ситуацијата. Јас верував дека пописот е точен, не се мешав во неговата исправност, ниту сум рекол некогаш за неговата исправност се до оној момент кога Републичкиот завод за статистика не не повика како партии на разговор. Таму бевме присутни ние ПЦЕР, беа присутни од ПДП - НДП, беа од Демократскиот сојуз на Турците, беа Власите и беа од Демократскиот сојуз на Србите.

**ФАИК АБДИ: (**продолжение)

Ни дадоа материјали, јас ги имав тие материјали тој ден, и веднаш видов таму и се насмеав дека се тоа 52 илјади роми во РМ, јас знам точно колку има во Шуто Оризари, точно ќе ви кажам колку, ни приближно не е тоа толку како што се вели 52.000, (реакција на некои до пратеници во салата).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тишина ве молам, немојте така, дајте да продолжиме

**ФАИК АБДИ:**

Нема сега да ви кажам, па нели е тоа тајна, нека биде тајна, нели.

Општо познато е Ромите во Источна и Западна Македонија како се декларирани и како се декларираат сега, мислам дека вие што го поставивте прашањето, господо, треба да имате поголем њух, меѓутоа тоа го немате, очигледно го немате и мислам да остане прашашето без одговор за што се интересирате, пописот ќе каже што е што, со формирањето ан ПЦЕР таму се родиа доста Роми, да речам така, се извинувам, се изјаснија како Роми. Во Источна Македонија а што знам јас дали се тунгузијанци или што се ќе видиме на попис, ја само знам да ви кажам дека благодарејќи на оваа демократија колкава е толкава е и луѓето бизнисмени формираа свои радио-станици па во одредени места ме повикаа на разговор заради граѓанството, веројатно сум многу интересен заради искреноста итн., да да посикрен сум од било кого овде, да се разбереме, од другите градови ја посетив Струмица, па според пописот таму има 107 комада Роми. Видете дури комада ги наречуваат.(реакција на некои пратеници во салата).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Времето за реплика помина.

**ФАИК АБДИ:**

Помина, се извинувам. Значи, овие податоци што ПЦЕР ги има јас кажав од каде се тие и ни најмалку не ме засега мене лично дали ќе бидат 50 илјади или 20 илјади или 100 илјади или 220 илјади. Тоа се податоци на организациите на ПЦЕР од градовите во РМ. Дали со пописот ќе бидат толку или ќе излезе некоја друга националност под некое друго име совршено мене не ме интересира. Многу сте се исплашиле од овој попис. Јас не гледам зошто. Треба еднаш една здрава база да имаме за да може понатаму да тече работата

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Дами и господа, кога не би била оваа ненормална националромантичарска фаза од развојот на Балканот, тематиката попис би се свела веројатно во рамките на стручната елаборација на проблематиката во ова задоцнето средновековие таа станува пред се политичка тема и така ние дискутираме сите овие моменти, а ние и овој пат се покажува, се чини дека не знаеме дури ни два плус два да не ги одведеме во водите на политичките ставови, а да не ги оставиме во сферата на математичките аксиоми каде им е местото. И, бидејќи е тоа така, надвор од мојата волја и вкус неколку политички рефлексии и поради изговореното од оваа говорница ме почитуваат во таа смисла да кажам неколку работи апро по пописот, но пак за политиката и палетизацијата, во врска со пописот.

Прво, можам да го искажам моето големо задоволство заради тоа што Македонија според бројот на жителите заедно со небескиот народ на север станува најголема балканска држава, според бројот на жителите. Имено, таа не брои 2 милиона и 180 жители колку- процени последниот пат Заводот за статистика според пописот, туку ја сочинуваат 1 милион и 350 Македонци, така велат скромните Македонци, 1 милион до 1 милион

и 200 Албанци, така вели на пример г-динот Насер Зибери кога ќе се изнервира на телевизијата А-1 или некој ќе го изнервира, или кога г-динот Веби Џемаили ги покажува своите историски документи за скопско и Тетовско, се разбира има и многу други. Има 400 илјади Срби според поголемиот број српски полит демокрафи. Има 300 илјади Власи од грчко потекло, според некои грчки полит демографи, има 150 илјади до 200 Турци, според некои овдешни претставници на турската националност, има 220 илјади Роми според статистиката на нашиот уште еден нов демограф г-динот Фаик Абди (смеа во салата) излега дадена за "Хелсинки уоч", се разбира ако "Хелсинки уоч" не манипулира со г-динот Фаик Абди, околу 2 милиона Бугари според бугарската полит демографија која тврди дека целото население овде е бугарско и сите овие бројки кога ќе се соберат произлегува дека Македонија овде, РМ ни помалку ни повеќе има околу 5 милиона 420 илјади до 5 милиона 620 илјади, арно ама не е тоа се заради тоа што според наши добри Македонци има тоа треба да му се додадат уште над 3 милиона Македонци во соседните и другите држави кои што живеат и ете не некаде околу 8,5 до 9 милиони жители, така што многу блиску до небескиот народ горе во соседството и јас за тоа сум многу радосен, стануваме балканска сила. Се разбира, ако лагата не е поголема, ако злото и нечовештината човечка не е предлабока.

И кога ги слушам сите овие новопечени демографи кои од една страна од својата уста не ја вадат синтагмата граѓанска демографија, а од друга страна постојано инсистираат на пребројувања според капата на главата, се прашувам каде е граѓанската демократија и каде се граѓанските демократи. Каде е ултра националистот Жириновски на левата или на десната страна. Зарем зборовите, а не она што стои зад нив се сликата за стварноста, а ние сме далеку според овие искажувања

од сликата на стварноста. Навистина звучи лицемерно, звучи евтино, звучи демагошки од една страна некој да се колне над граѓанската матрица за живот, а од друга страна до бесознание да работи, да произведува стварни и нестварни бројки за тоа чиј капи и за колку тие капи стрчат пред капите на другите односно која вера брои 5 повеќе или 5 помалку. Ако градиме општество на еднакви луѓе, еднакви пред законот, Уставот, еднакви во правата и обврските, зошто толку се инсистира на поголемата бројка. Што ќе биде со тие што се помногубројни и во оваа релативно многубројна држава? Дали тие што се побројни имаат право да ги печат, да ги пржат или живи да ги јадат тие што се помалубројни? Исто така што ако некој покаже зголемен квантитет, поголема бројност, ќе го смени ли името на оваа држава, со тоа ќе добие ли право на сепаратистичка одлука, на воспоставување на одделна власт во рамките на својот етност без опасни последици и по него и по сите други. Ќе бидат ли граѓани од втор ред Турците на пример кој се многу помалку од Македонците, потоа од Албанците. Ќе има ли помалку права како луѓе Србите, Власите, кои се уште помалку од претходно спомнатите кој што не можат да се фалат со овие бројки кој што некои се фалат во дадениот момент.

Или, треба да се има држава со сите права, за сите индивидуи, луѓе, поединци? Или пак според борбата за искажување на поголем број од својот етност, законските права ќе ги рангираме, ќе ги класифицираме од еден со најголеми права за најбројните, до енти број со најмали права за најмногубројните етнички колективитети.

XIII/5.-

За жал и имплицитно и експлицитно се наѕираат такви очекувања, кога вака разговараме за ваква тема. Бројот да го одредува квалитетот на правата. Па, тие што на овој начин ги покажуваат своите погледи барем да не поштедат од деградирањето на синтагмата граѓанска држава, граѓанска демократија. Всушност поради тоа пописот станува првенствено политичко прашање а не неопходна рутинска статистичка потреба заради планирањето на економско социјалниот развој на земјата. Од таа и од ниедна друга причина дојде до бојкотот на пописот во 1991 година од страна на Албанците што не ќе речат дека немало и други проблеми и не остварени желби во врска со тоа што и поинаку, но главниот мотив е до нешто друго.

Овде беше искажана теза дека пратениците Македонци го бојкотирале пописот или тие 97,93 прсти и така натаму со неприфаќање на некои барања од пратениците Албанци. Можеби има на таа линија пропусти и недобро согледани пропусти. Моето мислење е сепак дека бојкотот го произведоа прво, неправната држава од која што сме уште далеку и можноста без последици одделни партии во случајот ПДП-НДП да дејствуваат слободно, да организираат суспензија на правниот систем , но не се единствените што го- суспендираат правниот систем на РМ како што во многу други сфери тој не функционира, а за тоа не е виновна конкретната акција на ПДП-НДП, туку некои други се виновни што не функционира правниот систем, што всушност ние малку работиме дефакто на тоа како да профункционира таа правна држава и како да формираме власт која што ќе води сметка за строга примена на законите, па поради тоа дојде фактички до ситуација да го малтертираме народот со исти прашања како што беа поставувани тогаш, да се трошат нови средства, да се троши ново време во врска со една иста потреба,

XIII/6.-

која што требало да биде завршена 19 91 година.

Од овој аспект дополнителниот попис е казна, буквално казна за правната држава и за почитувањето на владеењето на правото е вистинска* казна за граѓаните што ги почитуваат законите и награда за другите, за тие што не ги почитуваат законите без оглед дали во дадениот момент се задоволни или не се задоволни од словото ан тие закони затоа што секогаш има и ќе има слоеви и поединци кој што нема да бидат задоволни од словото на законот, а тоа не може да биде причина за непослушност во однос на примената на законите. Затоа ова малтретирање, трошење време, пари, паѓа на душа на актуелната власт од изборите до денес. Од тој аспект попис би требало да се обави само на тие што не излегле на редовно организираниот попис.

Меѓутоа, стручњаците велат дека оваа солуција не е добра, исто од стручен аспект. Да не ги прераскажувам нивните аргументи, јас верувам во врска со тоа. И, бидејќи власта не е способна да го применува законот без невидени преседани доаѓаме во ситуација да размислуваме, пак за тоа треба ли нов попис или не треба нов попис, можеме ли да останеме со тој половичен, со дадената проценка итн. Значи, дали ни е потребен нов попис, овој пат со намера да биде целосен, велам со намера, зашто? Со ваква власт и со вакво однесување на сите претенденти на власта останува отворено прашањето што ако некои пак посака да го бојкотира и овој попис од сите или други причини доколку неговата или нивната правда и струка не биде задоволена овој пат, не мора да биде тоа правдата и струката на ПДП и НДП. Ќе следи ли пак обид за целосен попис без последици од тие што го организираат таквиот бојкот и до кога може така да се вртиме во тој круг.

Второ, дали нецелосниот попис ги задоволува сегашните потреби на РМ без да се изложуваме на сето ова. Тоа се тие две алтернативи во услови кога работиме со вакви преседани, нерасчистени, кој само се трупаат во респект на функционирањето на правната држава.

Спремен сум да прифатам и ваква солуција. Тие што не излегле на попис државата има право и должност да ги казни, особено организаторите и можат да бидат проценети со познати статистички методи како што тоа е направено како проценети тие што не излегле на пописот нека живеат до новата редовна прилика, па нека чекаат време за докажување на прецизноста тогаш кога ќе дојде до тоа. Но, повеќе би сакал да имаме целосно обавен попис стручно добро извршен. Редно е еднаш да знаеме што се има во оваа држава. При тоа убеден сум дека и после сите неспособности трулости на власта која не е способна да го контролира механичкиот прилив нас државатаво подолг период, дека мнозина бадијала си прават бајрам на умот со своите бројки кога ги преценуваат и покрај тоа што некои не нарече, а некој се согласи дека сме бајрам за публика што ќе рече бивша југословенска Република Македонија. НО, за таков попис пак треба способност, организираност, а на многу примери оваа администрација покажа неспособност, при тоа не мислам само или помалку на Републичкиот завод за статистика или на државниот завод за статистика, како сакаме повеќе да кажеме туку ан многу многу сегменти во општеството кој што даваат или не даваат гаранција за еден прецизен информационен систем во Републиката.

Во врска со тоа ние имаме многу примери. Оваа власт не покажа уверливост или оваа наша информациона база низ институциите што ги

имаме не покажа убедливост ни кога се проценува и мери општествениот производ, бидејќи ситуацијата би ни била многу многу потрагична ако сме само на онаа бројка која ја искажува Републичкиот завод за статистика и некои други проценители.

Исто така кога се проценува бројот на вработените во приватниот сектор на 65 илјади и слично на тоа што е бројка далеку од стварноста. Исто така кога се мери и стапката на инфлацијата, кога ни се соопштува колку бегалци влегле во оваа држава, колку не влегле итн., едно чудо нешта кој што даваат голема основа за сомневање дека ние навистина знаеме да ги измериме и да ги изброиме работите, па од тоа да извлечеме вистински консеквенции за правилно водење на политиката.

Па, од тука и споменатиот попис дава одредени сомневања дека ние и во овој момент кога го имаме овој закон пред нас сме навистина подготвени да обавиме квалитетен попис таков каков што ни е потребен. На пример на 31 март требаше да започне овој попис или треба да започне според овој закон и да заврши до 15 април, какви што се термините во методологијата на 00Н, искуството итн. Денеска влеговме во февруари, законот не е донесен, а треба да се обавуваат врз основа на овој закон многу, многу , многу други подготовки. Некои ќе рече дека паралелно се одвиваат подготовките во врска со тоа. Малку ќе ни дозволат да се посомневам во тоа.

Второ, веќе кај самите подготвувачи на законот постои размислување дека пописот треба да се одложи за јуни месец, повторно влегување во нешто што не е стандардно, бидејќи јуни месец не е месец за обавување на вакви статистички операции. Па покрај годината 1994 година, а не почетна која не е стандардна, влегуваме и во месец или ќе

влеземе евентуално ако тој предлог држи во нестандарден месец. Сето тоа говори дека работите не се така подготвени како што треба да бидат подготвени, и нека и биде оставено на оваа власт со цела одговорност д го направи тоа што мисли дека треба да го направи бидејќи ако решила ќе го направи и вака нестандардно со своите 61 гласови какви што ги има, меѓутоа мора да се мисли на сите последици заради тоа што, доколку овој попис не биде обавен на убедлив начин тогаш политичките кулвузии во врска со оваа тема, се ризикува да бидат проширени многу повеќе отколку во досегашниот случај.

Благодарам.

XIV/1 НН/ЛБ

**ЕПРЕФ АЛИУ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници. Кога историјата, државноста и реалноста на РМ би почнала со нас тогаш бездруго сите решенија што доаѓаат во Парламентот би биле далеку полесни за решавање, далеку поедноставни. Не велам поквалитетни и подалекувиди. Но за несреќа на некој, за среќа лично моја тоа не е така. Затоа при носење, при расправа на конкретни теми на Парламентот и по повод оваа материја што е на дневен ред не почнува се од нас туку на нас, т.е. на конкретна институција му е општествена должност да ги обави обврските и да подготви материјал да се расправа во ова Собрание, пред овој состав на пратеници вакви какви што сме, сите заедно и сите посебно. Колку и да сакаме да бидеме слепи и далекувиди треба да ни биде јасно ако во нашите глави, нашите души се присутни тенденции на секој поединечно и секој заедно да се придонесе, колку и да е скромно, за што подобро, што подемократско решение во секој член на законот на на Законот како целина посебно и на сите закони. И на сите е јасно дека ние во овој Парламент ниту појдовните позиции ни се исти ниту работите ги гледаме исто, ниту ги мериме со ист аршин и затоа присутна е веројатно една двојба т.е. позиции кои ништо немаат заедничко меѓу себе до позиции кои малку имаат заедничко меѓу себе и позиции кои се идентични. Затоа, дозволете да кажам уште на почетокот.

Пописот што се предвидува од почетокот на март до 15 ап- рил, заправо целосно е политички проблем. Апсолутно не е општествен најмалку социолошки. Реално мислејќи е и цивилизациски , меѓутоа нас не ни е грижа за тоа. По овој повод дозволете со аргументи да ги побивам сите обиди за неуспешен обѕир, за делумен одѕив на албанците во пописот и за бојкотирање на албанците на пописот да се обвини партијата за демократски просперитет.

Кога се размислува за конкретна работа т.е. пописот и во 1991 година, зборувам за тие што сакаат да бидат запознаени и за тие што ги интересира вистината. ПДП имаше најчовечка, ќај- цивилизациско и наједноставно барање , апсолутно непроблематично. Да се увери дека Републичкиот завод за статистика нуди гаранции за реален и успешен попис. Ништо повеќе. По обавените разговори се дојде до заклучок дека за жал Републичкиот завод не ги поседува тие механизми на сигурност за реалност и за успешност на пописот.

Втора работа, веќе од многу усти се повторува моето размислување т.е. мојот став дека 97 прсти го бојкотиравте пописот. Па, ние во месечина не живееме. Скоро сите тука сме пораснале и вршиме обиди реално да ги оцениме приликите и состојбата во која живееме секојдневно. Во атмосфера на тотална недоверба вие гласате уште за еден закон, уште за еден став кој ја отежнува ситуацијата т.е. кој става точка на хронологија на една традиција. Некој може да смета дека тоа било незаконски. Од ослободувањето наваму сите пописи се воведени на три јазика во РМ. Од каде треба да се појави таа огромна желба да ги елиминирате со прст двата јазика. Јас не знам што се очекува после тоа. Дали во нашите глави апсолутно е присутна желбата во пресрет на демократијата и демократските процеси да Ј?И продлабочиме, да ги помогнеме или тврдоглаво да стоиме на позиции кои реално или нереално сме ги окупирале, ги поседуваме и другиот нема пристап во тоа.

Конкретната ситуација, за жал господине Гошев, иако убаво кажавте, зборува за нешто друго. Конкретната ситуација токму за жал зборува за се уште тврдоглаво држење на тенденција една држава еден народ. Јас службениот јазик не смеам да го подразбирам сила за да елеминира постоење и употреба на друг јазик. А вие, поголемиот број

тоа така го сфаќате. Тоа никаде во светот така ниту се сваќа ниту се постапува. Никаде во светот не. Вие сте склони и реагирате веднаш и ми спомнувате Албанија. Какви се состојбите во Албанија верувам дека повеќето од вас се далеку покриви, отколку јас, со име и презиме што е Алиу. Какви се се состојбите во РМ јас не можам да ја одбегнувам одговорноста и да сакам, и да се обидам. Затоа разликата е огромна. Не вршете обиди луѓето да ги влечете за јазик. Затоа што тој пат не води никаде, апсолутно никаде. Тој е контрапродуктивен 100%. Опсен е за овој наш простор за оваа наша демократија за оваа наша држава.

Заводот за статистика и во новиот закон не нуди механизми на сигурен, реален попис. Ние можеме да бидеме многу слатки во зборовите, но должност е на секој да се труди да биде барем малку блиску до тоа што е реално и што е вистинито.

Во услови на изгубена доверба треба да се вградат гаранција дека пописот ќе биде успешен. Вие треба да оставите простор албанецот да не бара мора да има албанец, за да биде мирен и сигурен дека пописот ќе биде реален. Вака како постапувате тоа мора да се бара, бидејќи доверба нема. Кон губење на довербата вие придонесувате и со конкретна позиција која ја држите често пати и која овде,преку оваа говорница ја декларирате почесто. Колку одговорно тоа нека биде работа на секој поединец.

За да овој попис биде успешен дозволете да ви кажам дека произволна ви е изјавата дека албанците побарале нов попис. Најмногу тоа го побарала ПДП. Но, во разговорите, во отстранување на дилемите за симнување од дневен ред еднаш за секога произволни извори од малку прифатливи или верни мегаломански изјави, невозможни кои ги елабориране господин Гошев се мислелше дека би било добро да се направи пописот и овие работи еднаш за секогаш, барем преку сила, на еден силен, реален документ симнат од дневен ред. Лично јас не

припаѓам на луѓето кои сакаат да се бројат и да постојат. Меѓутоа, вака како одат работите, како делуваат политичките партии со националната конотација т.е. од македонскиот национален блок друг излез, друг механизам за враќање на недоверба јас и не гледам, не постои. Ако тоа не постои при разговорите за можноста за реален попис под меѓународен надзор, нормално и ПДП со тоа се согласи. И во тоа мислам реално, ако се расудува не поседува од внатре никој право од тоа да гледа ниту нешто лошо, ниту негативно ниту некоја опасност. Убаво е воопшто да не се броиме кој колку е, од оваа говорнциа се кажува со прст и се читаат и од библија работи со некоја мегаломанска тенденција, со длабок сарказам да им се каже на албанците какава ќе биде подобра нивната среќа, до кој степен школо треба да имаат на нивен јазик, на кого треба да му бидат лојални како да се новороденчиња, како да е нација од вчера која се појави во овие простори. Се излажа господин Голубовски. Му изгледаше детето симпатично ама испадна ѓаволче. Јас не знам до кога мора некој мора да има постојано нерви, постојано да биде културен, постојано да биде толерантен, постојано тоа да го проголта, постојано да му одбие на глупост, работите си имаат еден ред. Треба тој ред барем малку да се запази за да може да се создаде претпоставка за една подобра посигурна, посветла иднина.

Вие одите, влегувате во историја, броите работи, се повикувате на тефтери, секој ги чита работите што му годат. Па дозволете, разговарајќи за миграциона политика албанците ни во монизмот не беа против политиката на демографската политика, туку бараа научни, културни, просветни механизми за да тој нараштај, за кој се сметаше дека е преголем и се предвидуваше дека ќе биде опасност, товар на населението да се направи преку финансирање, преку нови можности за повисок степен на образование за порамномерен и поголем број прифат на младинките албанки во процесот на вработувањето за да природното

отстапуваше во брак биде во зрелите години, 24,25, 26 и како современи, вклучени граѓани во општеството нормално ја планираат срeќно својата фамилија. И кога вака не влечете да ви кажам јас имам генерација од 27 другари, само еден има четири девојчиња. 17 од нив имаат по две деца, 6 имаат по три деца и 5 по едно. Јас не знам дека дошол некој од некаде, од Бугарија или од Софија и ми нареди вие албанците по толку деца треба да имате. Малку би треба поодговорно да се однесуваме од оваа говорница. Скопје Албанците не го направија една третина до населението. Тоа го направија прво директорите од Галичник, бидејќи беа први во Скопје, па тој крај го опустошија, после дојдоа гарнитура од Штип, па ги влече оттаму другите, дојде Гостиварска гарнитура и ги опустоши прекрасните села. Но, тие граѓани се во Скопје и не им е лошо. Зошто е тоа така, министер албанец тоа не го направи. Затоа да се обидам да заокружам.

Ние во многупартискиот систем влегувавме со голем багаж. Ако не најдеме заеднички сили преку заеднички договор и гаранции тој багаж да го симнеме од себеси, па да градиме гаранции, цврсти гаранции за рамноправноста на сите во РМ, нормално и зад мене, за жал ќе дојдат пратеници кои ќе си ја пеат можеби истата песна во овој парламент. Ние не можеме од една страна да се обвинуваме цело време, цел месец и два, за време на подготвувањето на Уставот зошто сме за граѓански устав, да се напаѓаме, денеска се зборува дека во духот на граѓанскиот устав не е битно кој колку е. Меѓутоа, во нашите глави тоа не е присутно. Па би ве прашал конкретно. Колку е присутен во нашата филозофија за размислување на определбата да член 9 од Уставот? Каде тоа во практиката се применува? Во нашите глави е член од Уставот, и тоа наведен - службен јазик македонскиот кирилично писмо и точка. Како да е тоа библија и не смее да се мрдне бидејќи во тој свет вечито ќе бидеш во седмиот круг на Данте, ќе гориш во катран. Реалноста е друга дами и господа пратеници.

XIV/6.-

Некој се обиде зборувајќи за еден јазик и едно писмо да вклопува и тунгузити. Нормално, мислејќи дека освен македонците сите други таму припаѓаат. Дозволете јас да повторам. Ние се чувствуваме дека ние живееме во наша држава. Нашата држава се вика Република Македонија. Ние сме во наши домови, програмата на партијата е рамно-правна меѓу рамноправните т.е. не се согласувам апсолутно со главата на ниту еден тука кој бројчено си дава право на себеси на друг да му одреди права, или да му одземе права. Оваа работа никаде не влече. Ни во Заводот за статистика, во 100 и неколку работни колективи и институции на системот има само Македонци.

XV/1/CC/лј

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

Тоа веројатно на националниот блок му годи. Но, Владата треба да размисли малку за тоа. Кога господин Бошков бара сега попишувачи таму и мисли дека е тоа така како побројна партија, никој со сила не ги тера да бидат опозиција. Тие, во своите политички оцени мислеа дека ќе создадат подобра шанса побрзо да дојдат целосно на власт Ако се премислиле, тоа е пак нивни проблем. Тој што е во власта, нормално, ќе партиципира во неа.

За да не должам повеќе, мислам дека овој попис, за жал, не може да почне во април.,Јас лично, само како Ештреф Алиу би барал гаранции дека пописот ќе биде реален и пример д ави наведам, еве преку оваа говорница барам органот, односно Републичкиот завод за статистика нека ме определи во Струмица. Таму ќе го надгледувам пописот а за реалноста давам гаранција пак преку оваа говорница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Голубовски се јави за реплика.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Би замолил за моите пет минути реплика.

Евидентна е практиката на настапот на пратениците од ПДП и НДП, тактика на топло-ладно, фразологија па отровни стрели И навреда Каков беше настапот на Харуни? Лаги, навреди, омраза. Тој, меѓу другото рече - да постигнеме договор меѓу нас. Каков договор? Со кого Република Македонија не може да има партнер по внатрешните прашања како и секоја суверена држава самата ги уредува.

Прашањето на бојкотирањето на пописот во 1991 година наоѓа одговор во погрешната проценка на ПДП НДП и центрите од надвор кои ги раководат дека, во почетокот на своето меѓународно заопкружување на својот субјективитет, Република Македонија и Македонскиот народ можат да бидат уценувани. И тогаш и сега, во контекст на донесувањето

на овој закон во основа е атакувањето на Уставот на Република Македонија. Господинот Положани тоа денеска од говорница и го потврди.

Обвинувањата од албанските сепаратисти и сецесионисти е пукање во празно, затоа што нема ниту еден доказ дека на било кое малцинство во Република Македонија се повредени малцинските права.

Се бара алиби за одлагање. Слушнавме што кажа Ештреф Алиу од оваа говорница. Тој кукавички се повлекува од своето агресивно однесување и некои искази, не така одамна.

Албанските сепаратисти и сециониsти не можат да се најдат во граѓанскиот концепт на уредување во македонската национална држава. Тоа е нивниот проблем. Тие не прифаќаат нивните малцински граѓански права да бидат обезбедени во демократскиот македонски простор што произлегува од принципот еден човек еден глас.

донесувањето на законот за вонредниот попис, доколку се направат отстапки пред ирационалните барања на припадниците од албанската популација директно ќе ги загрози интересите на албанското малцинство во Република Македонија, бидејќи наместо оваа држава да им помогне тие да се интегрираат во македонското општество ќе дозволи нивните претставници, сепаратисти и сецесионисти, авантуристички настроени да ги доведат во ситуација на гетоизација. Законот за вонреден попис мора да се донесе и итно спроведе и тоа е суверено право на Македонската држава, а воедно претставува и национален и државен интерес.

Само да додадам една забелешка во однос на тоа што некои македонски пратеници искажаа критика која што може погрешно да биде сфатена кон власта и кон други македонски партии како слабост на државната позиција на Македонија, Македонија е сега соочена со објективните услови дека треба да го спроведе овој попис, мора да

ја спроведе оваа иницијатива за спроведување на пописот како своја, да стои зад тоа заради тоа што би можело да биде протолкувано и на друг начин како слабост на македонската позиција. Нема причина тоа да се потенцира, уште повеќе што припадниците на ПДП НДП така успаничено бегаат од овој попис.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Гошев бара реплика.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Господинот Ештреф говореше за повеќе прашања. Реплицираше со повеќе дискутанти, меѓутоа главниот мотив што го повлече по втор пат или трет пат на оваа тема, беше мојата дискусија. И јас, немам намера да правам анализа на тоа што го говореше, да се согласувам или не се согласувам со тоа што го искажа. Само да прецизирам две-три работи.

Прво, темата за употребата на јазиците е подолгорочна и таа не се завршува со еден ден и со еден устав. Тие што инсистираат во еден ден и еден устав да ја завршат ќе произведат нешто што не сакаат да произведат. Мојот пристап е таков во врска со такви живи прашања што се предмет не на Македонија, туку на целата светска цивилизација. .

Околу проблемот на довербата и недовербата, јас сега би повторил нечии дискусии што не ми се допаѓаат, ако почнам да наведувам примери кој од едната или другата страна произвел или се обидел да ја зголеми недовербата помеѓу албанците и македонците. Затоа не сакам да се вратам на таа тема, затоа што имаат обичај едни кога говорат дека другите произведуваат недоверба заборавaат кога тие самите произведуваат со некои постапки недоверба. Тоа е втора работа.

XV/4.-

Третата работа што сакам уште еднаш да ја потенцирам, јас говорам за правна држава. Уставот на Република Македонија што го усвои овој парламент е неспоредлив во поглед на правата индивидуални, економски и политички, социјални, индивидуални и колективни во споредба со оној што го имавме. Тој Устав живее само две години и многу е претенциозно некој да бара, прво, за две години негова целосна реализација, а треба за две години веќе да испишуваме нов устав.

Правната дражва бара спроведување на оној устав и оние закони што постојат и бараше за подобрување на решенијата низ институционално - политичка битка за доаѓање до решенија за нешто за што не се согласуваме. За тоа што ако тоа не го прифатиме, тогаш доаѓаме до фамозната реченица на оној господин горе, до вонинституционалната битка, а вонинституционалната битка веќе ги даде своите резултати.

Затоа, секогаш ќе инсистирам добро или лошо решение, она што е решение на Уставот и на одреден важечки закон, стриктно да биде применет, а потоа можеме да отвораме процедура за разговори во врска со тоа дали некое решение е добро или не е добро. Но, Прво, мора да с примени . Од тој аспект сите граѓани на РМ се должни да ги почитуваат законите на овој парламент, Уставот на овој парламент уставот на оваа Република. Тоа е главната поента кога се залагам за ова или она решен

Сега, не знам дали на мене се однесуваше тоа дека некој рекол или јас сум рекол дека бара попис, дека албанците барале попис. Јас не реков дека албанците барале попис. Може би и тоа се однесуваше на некој друг. Јас говорев за тоа како граѓаните кои едни го почитуваат даденото решение, добро или лошо се обесправени кога други тоа решение не го почитуваат и кога врз сонвоа на тоа не следи соодветна санкција предвидена со Уставот и законите.

XV/5.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Алиу бара република.

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

Ја користам можноста само да ве потсетам, уште за време на владеењето на бившиот Извршен совет од оваа говорница обрнав внимание, нагласувајќи дека политичкото подземје во Македонија настојува албанците да ги претстави во Република Македонија како малцинство. Тогашниот, господин Тито Беличанец рече - да, сите 17 колку ги ика во тој Извршен совет.

Хронолошки се обидувам да сум свесен на се што кажувам, но не тврдам дека крајно сум точен, бидејќи не е фер да ги повторам дека јас овде зборувам на друг јазик. И во моментот не можам да се сетам на точен израз, некој пат мислата можеби останува недоволно елегантно формулирано. И вие, за тоа треба да имате малку разбирање.

Втора работа, сакам да Ви кажам дека ваша задача е, на пратениците македонци да се заложите да им се вратат на албаниците сите природни права, а вие повеќемина овде се ангажирате уште за додатни рестриктивни мерки во процесот на добивање на право.

Дозволете да ве потсетам, во државата во која живеевме, јазиците ни беа рамноправни. Во државата во која живеевме, степенот на школувањето не ни беше ограничен. Во државата во која живеевме... (реакции од место)

Без "е" и без "у", повелете на говорницата.

Државата во која живеевме со Уставот од 1974 година, и ние бевме конститутивен елемент на оваа држава. Вие, ангажирајте се на враќање на тој корпус на права. Дури тогаш обидете се да дадете оценка за лојалноста на албанците, за нивниот успех, за нивниот ангажман или за опасноста од албаниците.

XV/6.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Положани е спомнат и бара република.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Мислам дека ќе бидат приморан овој господин (покажува на господинот Голубовски) еден ден навистина да го оладам да го оладам со чаша вода.

(реакции од пратениците)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ...

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Не може да сфати дека нему часовникот на времето му запрел. И, се служи со категории, изрази и термини на УДБ од Белград од 1981 година. И, веројатно си вдахновен од Жириновски, па сега сакаш да бидеш некоја негова лоша копија...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ајде вие осврнете се на она што го рече.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Тоа не ти успева.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи репликите се исцрпени предлагам денеска да прекинеме со работа.

Утре во 10,00 часот имаме друга седница и друга материја.

(Седницата прекина со работа во 17,10 часот.)